# Сексуално и родово базирано насилство



## Дводневна психо-социјална обука

## Прирачник за обука

Психо-социјален центар
International Federation of Red Cross and Red Crescent Societies

Црвен крст на Република Македонија

# СОДРЖИНА

## ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ ЗА ОБУКА?


Позадина ..........................................................................................5
Пристап со акцент на преживеаните..............................................................5
Фасилитатори.....................................................................................7
Учесници.........................................................................................7
Подготовка на обуката............................................................................8
Како да се користи овој прирачник за обука .....................................................9
Цели и програма на обуката......................................................................10


## ДЕН 1 ДА СЕ РАЗБЕРЕ СЕКСУАЛНОТО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО


Сесија 1: Добредојде и вовед....................................................................13
Сесија 2: Основни идеи и дефиниции .............................................................18
Сесија 3: Различни форми на сексуално и родово базирано насилство....24
Сесија 4: Психо-социјално влијание на сексуалното и полово базирано насилство ..............................................................................32
Сесија 5: Психо-социјални потреби на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство..............................................36
Сесија 6: Заокружување на денот.................................................................39


## ДЕН 2 – ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА ЗА ЛИЦА КОИ ПРЕЖИВЕАЛЕ СЕКСУАЛНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО


Сесија 7: Продолжување и повторување на претходниот материјал ........40
Сесија 8: Пристап со акцент на преживеаните ...............................................45
Сесија 9: Пристап базиран на практична работа со лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство..............................................49
Сесија 10: Комуникациски вештини за поддршка...............................................53
Сесија 11: Невербална комуникација..............................................................58
Сесија 12: Упатувања ...............................................................................61
Сесија 13: ИАСЦ Интервенциска Пирамида.........................................................70
Сесија 14: Евалуација и затворање на обуката.................................................72


## АНЕКСИ


Анекс 1: Ресурси....................................................................................74
Анекс 2: Прилози ...................................................................................76
Анекс 3: Прашалник за потреби поврзани со обуката ......................................84
Анекс 4: Евалуациски Прашалник ................................................................85

# ПРЕДГОВОР

Сексуалното и родово базирано насилство е еден од најголемите хуманитарни предизвици денес. Тоа се појавува во различни форми и во различни ситуации и контексти насекаде во светот. Во државите погодени од конфликти, на пример, силувањето честопати се користи како стратегија на војување за да се обесчести и понижи непријателот и да се деморализираат и дестабилизираат заедниците.

Чиновите на сексуално и родово базирано насилство за време на, и по вооружените конфликти и катастрофи се честа појава и имаат сериозно влијание на поединците, нивните семејства и општеството во целина. За време на итни состојби, нефункционирањето на заштитните системи, негативните реакции на стресот и поместувањето на половите и социјалните норми придонесуваат за зголемување на сексуалното и половото базирано насилство.

Сексуалното и родово базирано насилство не е проблем поврзан со катастрофите и конфликтите. Интимното насилство на партнерите е еден од најчестите видови на сексуално и родово базирано насилство, со напади, закани, запоставување и силување кое се случува во домовите и други места каде луѓето би требало да бидат безбедни. Трговијата со луѓе, раните бракови и принудната проституција се исто така форми на сексуално и родово базирано насилство.

Исто како и другите форми на сексуално и родово базирано насилство, тие се појавуваат и за време на катастрофи и итни состојби но не се директно поврзани со нив и може да се појават во секое време и на секое место.

Сексуалното и родово базирано насилство остава длабоки рани кај преживеаните, семејствата и заедниците, како и кај секундарните лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. (Секундарните лица се лица кои директно се погодени од искуството на сексуалното и родово базирано насилство кое му се случило на друго лице. Тоа може да бидат членови на семејство или други лица кои се блиски на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство).

Ова е широко присутен проблем со сериозни емоционални и социјални последици, кои влијаат на долгиот процес на опоравување што доведува до долгорочен стрес, здравствени компликации, хендикеп па дури и смрт.

Во текот на работата, персоналот и волонтерите на Црвен крст/Црвена полумесечина честопати се соочуваат со сексуално и родово базирано насилство. Помагателите може дури да бидат првите луѓе кои ќе имаат можност да ја чујат приказната на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.

Честопати вработените и волонтерите се чувствуваат несигурни во однос на изборот на соодветен начин како да се справат со ваквите исповеди на луѓето.

Оваа обука претставува основен вовед како да се разбере сексуално и родово базирано насилство сексуалното и родово базирано насилство во психо-социјален контекст. Се надеваме дека оваа обука ќе ги подобри вештините и самодовербата на вработените и волонтерите подобро да одговорат на потребите на погоденото население од сексуално и родово базирано насилство.

Нана Видеман

# ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ ЗА ОБУКА?

## Позадина

Референтниот Центар за Психо-Социјална Поддршка на Меѓународната Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина го подготви овој прирачник за спроведување на дводневна основна обука за обезбедување на психо-социјална поддршка на лица погодени од сексуално и родово базирано насилство со цел да се подготват вработените и волонтерите за работа со лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Овој прирачник претставува продолжение на стратешката рамка и стратегиите на Меѓународната Федерација како и стандардите за хуманитарни агенции за превенција на сексуално и родово базирано насилство и детска заштита.

Обуката обезбедува информации за различните видови на сексуално и родово базирано насилство и обезбедува практични насоки за обезбедување на психо-социјална поддршка поврзана со сексуалното и родово базирано насилство. Вниманието се посветува на директниот одговор кој треба да се обезбеди во корист на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. На учесниците им се обезбедуваат вештини и знаење како да се справат со пријави на сексуално и родово базирано насилство  и како да обезбедат психо-социјална поддршка на лицата кои погодени од сексуално и родово базирано насилство.

Овој прирачник е замислен како водич за организирање на дводневна обука, но исто така може да се надополни и комбинира со Сетот за обука на Центарот за психо-социјална поддршка или други видови на основни обуки за психо-социјална поддршка.

PowerPoint слајдови исто така се достапни на страната на Центарот за психо-социјална поддршка www.pscentre.org, кои може да се користат за оваа намена.

## Пристап со акцент на преживеаните

Оваа обука се фокусира на заштита на лицето кое преживеало половото базирано насилство: Се започнува со искуствата на лицето кое го преживеало ова страшно нешто. Овие искуства ги определуваат потребите а потребите ги определуваат потребните услуги.

За жал најголемиот број на случаи на сексуално и родово базирано насилство не се пријавуваат бидејќи луѓето се плашат заради негативните последици доколку откријат дека ова им се случило. Зависно од културниот контекст, идентификувањето на одредено лице дека

преживеало сексуално и родово базирано насилство може да доведе социјална исклученост, изолација, дискриминација, губење на достоинството, дополнително насилство па дури и закана по животот.

Овие ризици исто така може да се прошират на семејството на жртвата и неговата/нејзината непосредна околина. Принципот ‘да не се направи штета’ е од суштинско значење во насока на изборот на добра практика во обезбедувањето на психо-социјална поддршка на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Тоа значи дека треба да се пази да не му се предизвика никаква понатамошна штета на лицето кое ќе открие дека му се случило сексуално и родово базирано насилство како и на другите лица (пример. семејството на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство или лицето на кое се настраданиот му се поверува дека му се случило сексуално и родово базирано насилство).

Безбедноста на лицето кое преживеало ваков страшен чин е на прво место па затоа треба многу да се внимава на зачувување на доверливоста на овие информации. Информациите се споделуваат само со дадено одобрение од страна на лицата погодени од сексуално половото базирано насилство, освен доколку не се работи за деца. За повеќе информации, ве молиме да погледнете во делот кој се однесува за постапување со пријави на Центарот за психо-социјална поддршка на страна.

Прашањето на сексуално и родово базирано насилство е многу чувствително и поврзано со различни табуа. Една од најчесто присутни реакции е дека за тоа треба да се обвинат самите лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Помагателите, како и членовите на заедницата може да бидат вовлечени во ‘обвинувањето на жртвите’.

Ова може да се случи потсвесно преку најчесто поставувани прашања, како на пример, “Зошто си била таму сама?” или “Зошто си ја носела таа облека?” Заради тоа сите психо-социјални активности мора да бидат такви што нема да носат осуда, да бидат сеопфатни, и да ги задоволуваат потребите на погодените мажи. Жени, девојки и момчиња. Повеќето луѓе погодени од сексуално и родово базирано насилство се жени и девојки, но мажите и момчињата се исто така предмет на сексуално и родово базирано насилство. Машките лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство генерално не се пријавуваат и не секогаш се вклучени во програми на тема сексуално и родово базирано насилство.

Активностите во заедницата насочени кон спречување на насилство и заштита на ранливи групи не се вклучени во оваа работилница. Ве молиме да го погледнете Модулот на Меѓународната Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина за Здравствена грижа и прва помош во заедницата за да добиете дополнителни информации за овој аспект на обезбедување на поддршка за сексуално и родово базирано насилство. Оваа обука може да се користи во комбинација со овој модул како и во комбинација со други обуки, зависно од потребите.

## Фасилитатори

Фасилитаторите на оваа обука треба да имаат темелни познавања за психо-социјална поддршка и сексуално половото базирано насилство. Многу е важно исто така луѓето да имаат претходно искуство во обука во сферата на психо-социјална поддршка.

Фасилитаторите треба да поседуваат и знаења за културните норми и законската рамка и процедури. Заради оваа причина фасилитаторите треба да бидат од редот на локалното население.

Обуката користи партиципативен пристап кој промовира интеракција и ангажирање во процесот на учење. Улогата на фасилитаторот е да го поттикнува учеството без да носи одредени осудувања и со интерес и емпатија да им помага на учесниците да ги надградуваат своите способности и искуства. Тренерот треба да биде запознат со овие методологии за обука.

## Учесници

Обуката е дизајнирана за вработени и волонтери кои веќе имаат основни познавања за психо-социјална поддршка. Бидејќи обуката може да предизвика одредени културни норми, многу е важно учесниците внимателно да се изберат со цел тие да бидат заинтересирани и да се заложат за целите на обуката. Исто така многу е важно селектирањето на волонтерите и вработените да биде такво што на овие лица ќе треба да им се дадат можности за имплементирање на различни одговори во однос на справување со сексуалното и родово базирано насилство

Содржината на обуката е многу чувствителна. Заради тоа, групата треба внимателно да се избере со цел учесниците да се чувствуваат безбедни и заштитени. Можеби ќе биде полесно да се дискутира темата ако групата не е многу голема. Помала група може да ја олесни работата на учесниците со цел да може отворено да ги дискутираат темите за дискусија. Се препорачува групата да не биде поголема од 20 – 25 учесници.

Исто така треба да се има во предвид половата застапеност во групата. Погрижете се обуката подеднакво да им се овозможи и понуди и на машки и на женски учесници. Обуката исто така може да се организира за поединечно само за припадници од истиот пол како и за мешани групи. Понекогаш подобро е да се има мешани групи со цел учесниците да ги дискутираат прашањата и од женска и од машка гледна точка. Меѓутоа, понекогаш, исто-половите групи се пособдветни на контекстот, со што се овозможува безбеден простор за активно учество.

## Подготовка на обуката

Обуката секогаш треба да са адаптира со нивото на искуство на учесниците и нивната култура, и социјален и работен контекст. Пред да започне обуката, побарајте од учесниците да ви испратат информации во однос на нивните познавања и искуства поврзани со психо-социјална поддршка и сексуално и родово базирано насилство. Ве молиме да го погледнете Анекс Ц**: Прашалник за потреби поврзани со обука.**

Кога се подготвува обуката, фасилитаторите треба детално да ги разгледаат материјалите и да соберат информации за следниве прашања:

- Кои зборови и термини се користат а се сметаат за културно соодветни? Дали постојат одредени табуа?
- На кој начин темата може најдобро да се претстави?
- Како улогите на половите функционираат во локалниот контекст?
- Кои се главните форми на сексуално половото базирано насилство во овој контекст?
- Која е законската рамка во однос на сексуално половото базирано насилство во овој контекст?
- Кои услуги се достапни во однос на препраќање на лицата кои преживеале сексуално половото базирано насилство во овој контекст? Дали тие може да одговорат на најсоодветен начин?
- Какви процедури постојат во националното друштво поврзани со зачувување на доверливоста на податоците и информациите и препраќање на лица кои преживеале сексуално половото базирано насилство до соодветни служби?
- Кои други системи за поддршка се достапни во контекстот, вклучително и традиционалните начини за справување со сексуално половото базирано насилство?

## На кој начин треба да се користи овој прирачник за обука

Овој прирачник за обука има белешки за обука за секоја сесија, структурирани на следниов начин:

- Тема на сесија
- Назив на активност вклучително и темата на активноста и видот на активноста прикажана во заграда (пример. мразокршач, презентација на фасилитаторот, работа во парови, пленарна дискусија).
- Цел на активноста
- Материјали потребни за спроведување на активноста
- Број на слајдови кои се користат во презентацијата
- Напомени кои се однесуваат на работата на фасилитаторот
- Инструкции како да се фасилитираат активностите
- Информации за фасилитаторите во однос на потребни материјали за сесијата

Исто така, во прирачникот се инкорпорирани четири анекси:

- Анекс А: Ресурси
- Анекс Б: Прилози
- Анекс Ц: Прашалник за потреби поврзани со обуката
- Анекс Д: Евалуациски Прашалник

## Цели и програма на обуката

Обуката е поделена во два дена:

## Ден 1 - Да се разбере сексуалното и родово базирано насилство:

Во текот на овој ден ќе се претставаат основните дефиниции, различните околности во кои се случува сексуално половото базирано насилство и психо-социјалното влијание на сексуално половото базирано насилство.

## Ден 2 – Психо-социјална поддршка за лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство:

Овој ден се фокусира на основните работни принципи за обезбедување на поддршка за лицата кои преживеале сексуално половото базирано насилство, за обезбедување на помош за унапредување на комуникациски вештини и упатување на лицата кои преживеале сексуално половото базирано насилство  до одговорните служби.

**Цели на обуката – Ден 1:**

До крајот на ден еден, учесниците ќе можат да:

- Ги разберат разликите помеѓу полот и родовите
- Го дефинираат сексуалното и родово базирано насилство
- Да ги препознаат опкружувањата каде се случува сексуално половото базирано насилство (пример. итни состојби, конфликт, раселување, во домот, на училиште, онлајн
- Ги разберат емотивните и социјалните последици на сексуалното и родово базирано насилство
- Ги идентификуваат психо-социјалните потреби на преживеаните.

## Цели на обуката – Ден 2:

До крајот на ден два, учесниците ќе можат да:

- ги разберат основните принципи на работа со лица кои преживеале сексуално половото базирано насилство;

- постапуваат по случаи за пријавување на сексуално половото базирано насилство;
- користат основни комуникациски вештини за контактирање на лица кои преживеале сексуално половото базирано насилство;
- да упатуваат луѓе кои се погодени од сексуално половото базирано насилство до одговорни институции;
- ги идентификуваат психо-социјалните потреби на лицата кои преживеале сексуално половото базирано насилство;
- обезбедуваат психо-социјална поддршка за лица кои преживеале сексуално половото базирано насилство.

Програмот за обука кој следува е во форма на дводневна обука. Фасилитаторите може да ја менуваат саатницата и активностите со цел да се адаптира на потребите на учесниците и контекстот на семинарот за обука. Исто така можеби ќе треба да се адаптираат PowerPoint слајдовите за да се усогласат со потребите на фасилитаторите.

*За потребите на обуката консултирајте ги следниве документи:*

Стратегија 2020, Принципи и правила за хуманитарна помош; Стратегија за превенција на насилство, ублажување на состојби и обезбедување одговор на Меѓународна Федерација; Стратешка Рамка за полови и различности на Меѓународната Федерација; и Рамката за зајакнување на отпорност на заедниците на Меѓународната Федерација.

Сфера Проект (2011) Прирачник Сфера - Хуманитарна повелба и минимални стандарди при хуманитарен одговор; ИАСЦ (2005) Упатство за интервенции при родово базирано насилство во хуманитарно опкружување; и Коминике на ДФИД за насилство врз жени и девојки при итни состојби (ноември 2013), чиј потписник е и Меѓународната федерација.

Канадски Црвен крст и Меѓународна федерација на ЦК/ЦП (2009) Модул за здравствена грижа во заедница и прва помош за превенција на насилство).

## Програма за обука

| Време | Минути за сесија | Содржина |
|---|---|---|
| **Ден 1** | | |
| 09:00 - 09:45 | 45 | Сесија 1: Добредојде и вовед |
| 09:45 - 10:30 | 45 | Сесија 2: Основни идеи и дефиниции |
| 10:30 - 10:45 | 15 | Кафе / Чај пауза |
| 10:45 - 13:00 | 135 | Сесија 3: различни форми на сексуално и родово базирано насилство |
| 13:00 - 14:00 | 60 | Ручек |
| 14:00 - 15:00 | 60 | Сесија 4: Психо-социјално влијание на сексуално и родово базирано насилство |
| 15:00 - 15:15 | 15 | Кафе/Чај пауза |
| 15:15 - 16:00 | 45 | Сесија 5: Психо-социјални потреби на лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство |
| 16:00 - 16:30 | 30 | Сесија 6: Заокружување на денот |
| **Ден 2** | | |
| 09:00 - 09:45 | 45 | Сесија 7: Добредојде и резиме на претходниот ден |
| 09:45 - 10:30 | 45 | Сесија 8: Пристап базиран на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство |
| 10:30 - 10:45 | 15 | Кафе / Чај пауза |
| 10:45 - 11:30 | 45 | Сесија 9: |
| 11:30 - 13:00 | 90 | Сесија 10: Комуникациски вештини за поддршка |
| 13:00 - 14:00 | 60 | Ручек |
| 14:00 - 14:30 | 30 | Сесија 11: Невербална комуникација |
| 14:30 - 15:40 | 70 | Сесија 12: Препраќање |
| 15:40 - 16:00 | 20 | Кафе / Чај пауза |
| 16:00 - 16:30 | 30 | Сесија 13: ИАСЦ интервенциска пирамида |
| 16.30 - 17.00 | 30 | Сесија 14: Евалуација и затворање на работилницата |

## Сесија 1: Добредојде и вовед (45 минути)

Оваа сесија е насочена на воспоставување на безбедна средина за учење на групата. За оваа работилница особено е важно да се обезбеди безбедна и пријатна атмосфера, бидејќи сексуалното и родово базирано насилство е многу чувствителна тема која може да биде многу тешка за дискутирање. Ако учесниците се чувствуваат безбедно, тогаш ќе може да воспостават меѓусебна доверба и ќе може да се чувствуваат послободно во однос на споделување на настани и случки од нивната работа или од личниот живот.

## Претставување на мојот партнер (мразокршач) 20 минути

**Цел:** За подобро меѓусебно запознавање

**Материјали**: Материјали не се потребни

**Power Point:** Слајд 2.

**Намена:** Вашата улога како фасилитатор ќе биде да го менаџирате времето и да ја поткрепите планираната активност. Исто така е важно да се претставите. Во неколку минути накратко опишете ја вашата личност пред да продолжите со следниот дел од обуката.

1. Поделете ја групата во парови и дајте им по три минути да се интервјуираат еден со друг.
2. Потоа побарајте од паровите меѓусебно да се претстават пред групата.

Прашањата може да бидат следниве:

- Каква е вашата професионална позадина?
- Кои се вашите очекувања од обуката?
- Какви искуства имате во однос на обезбедување на психо-социјална поддршка?

Прашањата може исто така да поттикнат споделување повеќе, лични , забавни информации, како на пример:

- На кој годишен одмор најмногу се сеќавате?
- Што јадете за појадок?

## 1.2 Програма за обука
(5 минути)

*(Презентација на фасилитаторот)*

**Цел:** Да им се појаснат очекувањата на учесниците и да се претстави програмата за обука

**Материјали**: Копии од прилог 1: Програма за обука

**Power Point:** Слајд 3

**Намена:** Да се појаснат очекувањата на учесниците на самиот почеток на обуката за да се избегне разочарување кај одредени учесници во однос на содржината на обуката. Обуката е насочена на одредени суштински елементи и не може да биде опфатено се. Ако учесниците се заинтересирани за одредени специфични аспекти кои не се дел од обуката, дајте им препораки и совети во однос на дополнителна литература или обуки, ако тоа е можно.

1. Поделете копии од Прилог 1.Програма за обука
2. Направете бр преглед на програмата за следните два дена и одговорете на прашања на учесниците. Поврзете ја програмата со очекувањата кои се идентификувани од страна на учесниците. Појаснете кои области нема да бидат опфатени а се наведени во очекувањата на учесниците. Понудете информации за учесниците доколку знаете каде може да се најдат ресурси за таа намена и за тие прашања.

## 1.3 Основни Правила
(10 минути)

*(Работа во групи и пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се појаснат основните правила и да се воспостави безбедно опкружување за учесниците

**Материјали**: Табак хартија, маркери и пенкала

**Power Point:** Не е потребна за оваа сесија

1. Побарајте од учесниците да работат во парови во однос на воспоставување на основни правила за обуката. Дајте им пет минути за оваа намена.

2. Поканете секој од паровите да даде предлози во однос на утврдување на основните правила.
3. Додека секој пар ги чита предлозите, вие пишувајте ги на табак хартија. Вие исто така може да додадете ваши предлози.
4. Истакнете го значењето на доверливоста (види ја информацијата за фасилитатори подоле) во однос на сето она што треба да се дискутира во следните два дена.
5. Погрижете се учесниците да се свесни дека не треба да учествуваат во сите активности. Учесниците во секое време може да се повлечат и да набљудуваат ако некоја од активностите им предизвикува одредена непријатност.
6. Кога групата ќе ги договори основните правила, договорете се какви ќе бидат мерките доколку некој не ги почитува правилата. Обидете се да идентификувате конструктивни активности наместо да предизвикувате штетни последици заради кршење на основните правила (пример. пеење на песна, купување грицки за следниот ден, подготовка на мразокршач). Ако некој од учесниците прекрши одредено правило во текот на обуката, тој/таа може да избере една од овие казни.
7. Основните правила треба да бидат истакнати во просторијата за времетраење на целата обука.

**Информации за фасилитаторот за основните правила**

Основните правила може да бидат:

- Мобилните телефони да се исклучат. Ако ова не е можно, да се стават на тивок режим на работа со цел да се испочитуваат останатите лица.
- Точноста е важна. Обуката треба да почне и заврши на време, и сите навреме да се враќаат од паузи и ручек.
- Да се почитува лицето кое зборува и да не се зборува додека некој друг зборува.
- Секој може да си го каже своето мислење, со цел сите да почувствуваат дека се дел од процесот.
- Треба да се почитува приватноста и ограничувањата кои ги поставуваат останатите.
- Кога другите ќе споделуваат искуства, мислењата не треба да се осудувачки.
- Се поттикнува поставување на прашања. Тие помагаат да се обезбедат појаснувања и да се избегне конфузија и да се обезбеди подобро разбирање на нештата.

**Важноста на доверливост на податоци**

Градењето доверба е од суштинско значење. Заради тоа е многу важно групата да се договори сите информации споделени на обуката да бидат од доверлива природа. Ќе бидат споделени лични стории и случки и учесниците може емотивно да се изложуваат. Многу е важно да постои договор се што ќе се сподели во групата да биде од доверлива природа.

## 1.4 Лични претпоставки (10 минути)

*(Презентација на фасилитаторот и лични излагања)*

**Цел:** Да се дадат размислувања во однос на лични претпоставки за пол, сексуалност, улоги на половите, физичко, психолошко и сексуално насилство и поединечни ограничувања.

**Материјали**: Список на прашања како што е прикажано подоле во инструкциите (на PowerPoint или копирано на табак хартија), маркери и пенкала

**Power Point:** Слајд 4

**Намена:** Учесниците треба да бидат свесни за нивните претпоставки во однос на сексуалното и родово базирано насилство. Без само-свест, одредени лични претпоставки и културни норми кои ги стигматизираат лицата кои преживеале сексуалното и родово базирано насилство може да се пренесат во меѓусебните односи со лицата погодени од сексуалното и родово базирано насилство. Индивидуалните искуства ги формираат реакциите на одредени теми. Во оваа активност учесниците ќе се наврата на својот живот, бидејќи ова е важно за нивната идна работа со лицата кои преживеале сексуалното и родово базирано насилство.

Бидете свесни дека не секој се чувствува пријатно да зборува за сексуалното и родово базирано насилство, бидејќи ова е многу чувствителна тема. Многу е важно учесниците да ги знаат своите ограничувања.

1. Објаснете дека ќе ги прашувате учесниците во оваа активност да размислат за одредени прашања за сексуалното и родово базирано насилство. Меѓутоа, објаснете им дека од нив нема да се бара да даваат нивен одговор на тие прашања.
2. Ставете ги прашањата на PowerPoint слајдови или на табак хартија. Прочитајте ги прашањата на глас и дајте им време на учесниците да размислат во однос на нивни одговори на следниве прашања:

- Кои се вашите размислувања кога ќе помислите на сексуалното и родово базирано насилство? (Опишете ги вашите физички и емотивни реакции)?
- Дали сметате дека сексуалното и родово базирано насилство може да му се случи на секого?
- Дали сметате дека лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство понекогаш самите се одговорни дека биле сексуално злоупотребени? Како?
- Како би се чувствувале ако треба да дискутирате прашања поврзани со сексуалното и родово базирано насилство со корисниците на услуги?

3. Заокружете ја дискусијата со опишување дека подигањето на личната свест за лични претпоставки и културни норми за сексуалноста и сексуалното насилство е многу важно за обезбедување ефективен одговор и поддршка за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Потенцирајте дека сексуалното насилство може да му се случи на секому, насекаде во светот, на мажи и жени, на момчиња и девојчиња. Луѓето понекогаш веруваат дека силувањето се случува на луѓе со понизок морален статус (“лоши девојки”) или дека луѓето со повисок морален статус (“добри девојки”) нема да бидат предмет на сексуално насилство. Импликациите се дека лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство се на некој начин самите одговорни за нападот. На пример, жените честопати се обвинуваат заради облеката која ја носат или начинот на кој разговараат со мажите. Апсолутно е важно лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство никогаш да не се обвинуваат затоа што се злоупотребени. Сексуалното насилство секогаш претставува злоупотреба на моќ од страна на извршителот на делото кон лицето кое е нападнато и е жртва на ова насилство.

## Сесија 2: Основни идеи и дефиниции (45 минути)

Оваа обука опфаќа основни идеи и дефиниции со цел да се воспостави заедничка основа за разговор за сексуално и родово базирано насилство.

Оваа обука може да претставува предизвик во однос на размислувањето на одредени учесници во обуката. Концептот во однос на половите може да биде нов за одредени луѓе и луѓето понекогаш имаат сомневања во однос на тоа. Причината за ова е што кога се зборува за половите вообичаено се смета дека се зборува само за обесправеност на жените. Некои луѓе може да гледаат и на обуката како обид да се обезвреднат нивните културни и верски традиции. Ова може да резултира со одбивност и отпор во однос на обуката.

Бидете јасни уште од почетокот дека обуката опфаќа насилство против жените И мажите и дека исто така ќе се зборува и за обесправеноста на мажите. Исто така бидете јасни дека целта на обуката не е да се обезвреднат вредностите, туку да им се обезбедат информации на учесниците како да се справуваат со прифаќање на информации и обезбедување на поддршка на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Обезбедувањето поддршка за лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство е еден од минималните стандарди за развој и поддршка при итни ситуации.

### 2.1 Цели кои се однесуваат на обуката за ден 1 ( 5 минути)

*(Презентација на фасилитатор)*

**Цел:** Да се потенцираат целите во однос на обуката за ден 1.

**Материјали**: Ништо

**Power Point:** Слајд 5

1. Прочитајте ги и објаснете ги целите во однос на обуката.
2. Истакнете дека првиот ден е насочен кон обезбедување основни информации за сексуално и родово базирано насилство. Вториот ден е посветен на психо-социјална поддршка и има серија на практични вежби.
3. Прашајте дали има било какви прашања во однос на утврдените цели. Одговорете на прашањата.

**Цели на обуката – Ден 1:**

До крајот на првиот ден, учесниците ќе можат:

- да ги разберат разликите помеѓу пол и род
- да го дефинираат сексуалното и родово базирано насилство
- да препознаат различни околности каде се случува сексуално и родово базирано насилство (пример. итна состојба, конфликт, раселување, во домот, училишта, онлајн)
- да ги разберат емоционалните и социјалните последици на сексуалното и родово базирано насилство
- да ги идентификуваат психо-социјалните потреби на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.

## 2.2 Дваесет и четири-часовен родов часовник ( 30 минути)

*(Активност во голема група)*

**Цел:** Да се подигне свеста за различните активности кои ги вршат мажите и жените, момчињата и девојчињата во текот на денот.

**Материјали**: Табак хартија, маркери, дефиниција за 'пол' и 'род' (на PowerPoint слајдови или на табак хартија)

**Power Point:** Слајд 6-7

**Намена:** Оваа активност им овозможува на учесниците да ги разберат разликите помеѓу термините 'пол' и 'род.' Разликата помеѓу биолошките и културните разлики ќе биде нова за многу од учесниците. Многу е важно да се разбере разликата помеѓу двата концепта, бидејќи културните очекувања поврзани со плот/родот се честопати основата за дискриминаторското однесување и сексуалниот напад.

1. Поделете ги учесниците во четири групи А, Б, Ц и Д. На сите покажете им ја сликата со часовникот на Power-Point слајд 6 (или нацртајте часовник како овој на сликата). Објаснете дека ова не е нормален часовник, туку има едночасовни интервали кои вкупно изнесуваат 24 часа. Проверете дали сите го разбираат ова. Побарајте од секоја група да нацрта 24-часовен часовник на табак хартија.



Побарајте од нив да ги мапираат своите активности кои би опишале вообичаени активности на одреден човек во период од 24 часа (од утро до вечер) (вклучително и на работа и во слободното време). Побарајте од групата А да направи 24-часовен часовник за 40-годишна жена; групата Б да направи 24-часовен часовник за 40-годишен маж; групата Ц да направи 24-часовен часовник за 9-годишно девојче и групата Д да направи 24-часовен часовник за 9-годишно момче.

2. На пленарен состанок споредете ги часовниците. Објаснете им на учесниците дека различните активности на мажите и жените во текот на денот се базираат на културните навики поврзани со нивните улоги. Прашајте ги учесниците дали овие активности би биле исти во други заедници или други делови од светот. Прашајте ги дали активностите биле отсекогаш исти, и дали активностите со време би можеле да се променат.
3. Погледнете ги дефинициите за ‘пол’ и ‘род.’ (Дефинициите се претставени подоле а може да ги најдете и на слајд 7 од PowerPoint презентацијата.) Дискутирајте ги дефинициите и поврзете ги со примерите на очекувањата на учесниците во однос на она што го напишаа за оваа активност.
4. Користете ги белешките подоле за да ги дискутирате очекувањата во однос на полот/родот на лицата во повеќе детали.

**Информации за фасилитаторот за род и пол**

**Дефиниција на род:**
Род е концепт кој опишува социјално-конструирани разлики помеѓу машките и женските лица во текот на нивниот животен циклус. Родот, заедно со другите фактори како на пример возраста, расата и класната припадност, влијаат, меѓу другото, на очекуваните атрибути, однесување, моќ, ресурси, пречки и можности за луѓето кај било која култура. Родот е исто така аналитичка алатка која ни овозможува подобро да ги разбереме факторите на ранливост од аспект на создавање на можности за подобро да одговориме на потребите на луѓето.

**Дефиниција за пол:**
Терминот пол се однесува на биолошките карактеристики на машките и женските лица. Овие карактеристики се вродени (односно. Луѓето се раѓаат со нив) и нивните разлики се ограничени на физиолошки репродуктивни функции.

**Белешки за дискусија – очекувања поврзани со родот на луѓето:**

Објаснете дека родот ги дефинира улогите, одговорностите, пречките, можностите и привилегиите на мажите и жените во било кој контекст. Ова научено однесување е познато како родов идентитет. Родовиот идентитет е многу важен дел на идентитетот на едно лице. Потенцирајте дека

очекувањата во однос на родот може да се менуваат и тие се имаат веќе сменето во минатото.

На пример, се до неодамна на жените не им беше дозволено да гласаат а сега веќе имаме женски претседатели во многу земји.

Очекувањата во однос на родовите не се секогаш во прилог на мажите. Кај повеќето култури,од мажите се одговорни за обезбедување на егзистенцијалните потреби на семејството. Губењето работа и приходи е многу поголем предизвик за мажите отколку за жените. Друг пример е регрутирањето: Во некои земји само од мажите се очекува да се приклучат на армијата па дури и ако тоа е против нивната желба.

Друг аспект поврзан со очекувањата од родовите е сексуалната привлечност. Жените и мажите традиционално се смета дека ги привлекува спротивниот пол. Меѓутоа многу мажи и жени исто така чувствуваат полова привлечност кон својот пол или пак кон двата. Па дури и законската легислатива поврзана со хомосексуалноста и бисексуалноста се има сменето со времето во одредени земји во светот и во одредени социјални контексти. Меѓутоа тоа сеуште претставува криминално дело во 76 земји во светот и може да резултира и со смртна казна во седум земји. Дискутирајте со учесниците дали земјата каде се спроведува обуката е една од тие земји каде оваа работа се смета за криминал и дали знаат каква казна следува за тоа.

Објаснете дека очекувањата во однос на родовите може да претставуваат голем предизвик за луѓе кои имаат различни перцепции помеѓу родовиот идентитет и полот со кој се родиле (трансродова припадност). Трансродово лице може да се роди со тело на маж но повеќе да се чувствува како жена. Исто така е можно човек да се роди со мачки и женски гени (хромозом XXY).

## 2.3 Игра поврзана со полот/родот на луѓето ( 5 минути)

*(Активност во голема група)*

**Цел:** Да се зајакне знаењето поврзано со термините ‘секс’ и ‘пол/род’.

**Материјали**: Листови со дефиниции, табак хартија, маркери за сите

**Power Point:** Не треба

**Намена:** За оваа игра, ви треба листата со искази за улогите и очекувањата на учесниците во однос на категориите на ‘пол’ или ‘род’. Искористете ги премерите кои се соодветни на

културниот контекст на групата присутна на обуката. Еве некои идеи, заедно со точната категорија прикажана во заграда:

- Жените раѓаат деца, мажите не раѓаат. (пол)
- Малите девојчиња се нежни; момчињата се груби. (род)
- Во многу земји, жените примаат помали плати од мажите. (род)
- Жените може да дојат бебиња. Мажите не можат. (пол)
- Во древен Египет, мажите седеле дома и плетеле. Жените биле одговорни за бизнисот и го наследувале имотот. (род)
- Жените готват и ја чистат куќата; мажите зборуваат за политика со пријателите. (род)
- Жените имаат менструација; мажите немаат. (пол)
- Мажите се качуваат на дрва да собираат палмино масло; жените не. (род)

1. Побарајте од секого да напише големо “П” на лист хартија и големо “Р” на друг лист хартија.
2. Објаснете дека ќе ги читате исказите на глас. Некои од нив се однесуваат на концептот на ‘род’ а некои на концептот ‘пол.’
3. Читајте ги исказите наизменично и побарајте од учесниците да се изјаснат дали исказот се однесува на ‘пол’ или ‘род.’ Ако мислат дека исказот се однесува на пол, побарајте од нив да го дигнат во воздух листот со буквата ‘П’ и да мавтаат со него за да може сите во просторијата да го видат! Ако исказот е поврзан со родот,побарајте да го дигнат листот со буквата ‘Р.’
4. Проверете дали сите ги разбираат поединечните искази и зошто се поврзани со ‘пол’ или ‘род.’

## 2.4 Користете ги термините ‘жртва’ и ‘лице кое преживеало сексуално и родово базирано насилство’ (5 минути)

*(Презентација на фасилитаторот)*

**Цел:** Да се подигне свеста за влијанието на избор на јазик во однос на процесот на оправување на луѓето погодени од сексуално и родово базирано насилство.

**Материјали**: Не треба

**Power Point:** Слајд 8

1. Објаснете дека зборовите кои ги користат луѓето се всушност комуницирање на одредена порака.
2. Прашајте ги учесниците каков вид на лице замислуваат кога ќе го чујат зборот ‘жртва’ односно како изгледа ова лице во нивните очи? Прашајте ги учесниците да ви одговорат како жртвата веројатно се однесува, говорот на телото, тонот на гласот и др.
3. Објаснете им дека начинот на кој зборуваме за лице кое преживеало сексуално и родово базирано насилство може да влијае на личната имагинација на луѓето. Исто така може да влијае на начинот на кој на нив гледа општата јавност. Зборот ‘жртва’ нормално асоцира на лице кое е беспомошно, слабо и мало. Случаите на сексуално и родово базирано насилство се карактеризираат со губење на контрола и моќ.
4. Објаснете дека е важно за процесот на опоравување луѓето погодени од сексуално и родово базирано насилство да не продолжат да се чувствуваат како жртви,туку повторно да ја преземат контролата врз нивниот живот. Терминологијата која ја користат луѓето кои им помагаат во овој процес е од суштинско значење на психо-социјалната поддршка. Луѓето погодени од сексуално и родово базирано насилство во најголемиот број на случаи се чувствуваат беспомошно во ситуација на насилство, но бидејќи процесот на опоравување се однесува на повторно преземање на контрола врз живото, терминот ‘лице кое преживеало сексуално и родово базирано насилство’ се користи за да се зајакнат овие аспекти. Зборот лице кое преживеало сексуално и родово базирано насилство се однесува на лице кое е силно и способно да го менаџира својот живот по случувањето на сериозен инцидент. Друг начин да се повикаме на лице кое преживеало сексуално и родово базирано насилство на почитуван и достоинствен начин е терминот ‘лице погодено од сексуално и родово базирано насилство.’

## Сесија 3: Различни форми на сексуално и родово базирано насилство (135 минути)

Овој дел се фокусира на дефиниции за сексуално и родово базирано насилство и на различни контексти каде се појавува и причините за сексуално и родово базирано насилство.

### 3.1 Што е сексуално и родово базирано насилство? (75 минути)

*(Мали групи и пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се идентификуваат различни видови на сексуално и родово базирано насилство.

**Материјали**: Табак хартија и маркери

**Power Point:** Слајдови 9-17

1. Направете вовед во сесијата преку објаснување дека многу термини се користат во работата поврзана со сексуално насилство. За време на оваа обука се користи терминот 'сексуално и родово базирано насилство'. Сексуалното и родово базирано насилство е најопштиот концепт и ги покрива сите други. Сексуалното и родово базирано насилство подразбира физичко, сексуално и емотивно насилство. Споредено со терминот 'родово базирано насилство, во случајов посебно се истакнува аспектот на родовото насилство. Ова е една од најтешките форми на насилство за справување како резултат на социјалната стигма и табуата кои го придружуваат овој вид на насилство. Терминот сексуално и родово базирано насилство не се однесува само на женски лица кои преживеале вакво насилство како што е терминот 'насилство врз жени' туку овој термин се користи за опишување на насилство кое е извршено врз мажи или момчиња, и исто така врз лезбејки, геј, бисексуалци, трансполови лица како резултат на нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет.
2. Побарајте од учесниците да ги идентификуваат сите видови на сексуално и родово базирано насилство кои ги знаат. Напишете ги на табак хартија. Видовите на сексуално и родово базирано насилство може да бидат: физичко насилство, силување, проституција, принуден брак на рана возраст, домашно насилство, трговија со луѓе, злоупотреба на деца, сексуално и родово базирано насилство врз машки лица (пример. силување на мажи додека се во

притвор), штетни традиционални практики, сексуална експлоатација и злоупотреба, емоционално насилство (принуда, деградирање и застрашување на жени или девојки за да се чувствуваат невредни, слаби и глупави).

3. Поделете ги луѓето во пет групи и побарајте секоја група да дефинира еден или два од следниве термини: сексуална злоупотреба на деца, домашно насилство, принуден брак, или брак на деца (исто така познат како брак на рана возраст), родово базирано насилство, силување, сексуална злоупотреба, сексуална експлоатација и сексуално насилство.
4. Дајте им на групите по 20 минути време да напишат објаснување за термините кои им се дадени.
5. Дискутирајте ги објаснувањата во пленарна сесија. Разгледајте ги термините детално на PowerPoint слајдови за да видите дали дефинициите се разликуваат.
6. Објаснете ги другите термини преку користење на PowerPoint слајдови и информациите прикажани подоле во текстот. (Може да видите дека термините се меѓусебно поврзани).

## Информации за фасилитаторите за важни дефиниции

**Термини Дефиниции**

**Сексуална злоупотреба на деца**
Терминот сексуална злоупотреба на деца генерално се користи за да се претстави било каква сексуална активност помеѓу дете и тесно поврзан член на семејството (инцест) или помеѓу дете и возрасен или постаро дете надвор од семејството. Подразбира или употреба на експлицитна сила или принуда, или во случај кога се употребува сила кога жртвата не дава одобрение како резултат на неговата/нејзината млада возраст.

**Домашно насилство**
Домашното насилство е термин кој се користи да се опише насилство кое се случува помеѓу интимни партнери (брачни партнери, дечко/девојка) како и помеѓу други членови на семејството. Светската Здравствена Организација го дефинира домашното насилство како однесување од страна на интимен партнер или поранешен партнер кој предизвикува физичка, сексуална или психолошка штета, вклучително и физичка агресија, сексуална принуда, психолошка злоупотреба и контрола на однесувањето.

## Принуден брак и детски брак (исто така познато е како брак на рана возраст)

Принудниот брак е брак со поединец против неговата или нејзината желба. Детскиот брак е формален брак или неформална унија пред навршување на 18 годишна возраст.

**Внимание**: Иако во некои земји бракот е дозволен пред навршена 18-та година, меѓународните стандарди за човекови права овој феномен го класифицираат како детски брак, со образложение дека луѓето под 18 годишна возраст не се во можност да дадат разумно одобрение. Заради тоа, детскиот брак се смета за форма на принуден брак бидејќи децата не се законски компетентни да се согласат на вакви сојузи.

## Родово базирано насилство

Половото базирано насилство е рамковен термин за било какво штетно дејство кое резултира, или веројатно резултира, со физичка, сексуална или психолошка штета или страдање на жена, маж, девојка, или момче врз база на неговиот пол. Половото базирано насилство произлегува како резултат на полова нееднаквост и злоупотреба на моќ. Половото базирано насилство вклучува но и не мора да е ограничено на сексуално насилство, домашно насилство, трговија со луѓе, принуден или брак на рана возраст, принудна проституција, сексуална експлоатација и злоупотреба или пак скратување на ресурси, можности и услуги.

## Силување

Силувањето претставува физички принудена или на било кој друг начин принудена пенетрација – па дури и ако е мала, во вагина, анус или уста со пенис или друг дел на телото. Исто така подразбира и пенетрација во вагина или анус со предмет. Силувањето подразбира брачно силување и анално силување/содомија. Обидот тоа да се направи е познат како обид за силување. Силувањето на лице од 2 или повеќе прекршители е познато како групно силување.

## Сексуална злоупотреба

Сексуалната злоупотреба претставува било каква закана или реално физичко наметнување од сексуална природа, по пат на сила или подеднакви или принудни услови.

## Сексуална експлоатација

Сексуалната експлоатација значи било каква реална злоупотреба или обид за злоупотреба на позиција на ранливост, диференцијална моќ или доверба, за сексуални цели, вклучително, но не ограничено само на тоа, обезбедување паричен профит, социјална или политичка добивка како резултат на сексуална експлоатација на друго лице. Некои видови на принудна проституција може да потпаднат под оваа категорија.

## Сексуално насилство

Подразбира дела од сексуална природа извршени против било кое лице по пат на употреба на сила, закана со сила или принуда. Принудата може

да биде предизвикана од околности како што се страв од насилство, притворање, психолошка обесправеност или злоупотреба на моќ. Силата, заканата со сила, или принудата исто така може да бидат насочени кон друго лице. Сексуалното насилство исто така е составено од дела од сексуална природа извршени по пат на искористување на средината по пат на принуда или неможност на лицето да даде искрено одобрение. Исто така подразбира дело од сексуална природа како резултат на вклучување на лице по пат на принудна сила, закана од сила или принуда против тоа лице или друго лице, или по пат на искористување на околностите заради кои лицето не е во можност да даде искрено одобрение. Сексуалното насилство опфаќа дела како што се силување, сексуално ропство, принудна проституција, принудна бременост или принудна стерилизација.

## 3.2 Различни форми на сексуално и родово базирано насилство и нивните ризични фактори

*(Мали групи и пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се подигне свеста за различни типови и причини за сексуално и родово базирано насилство

**Материјали**: Хартија, пенкала, копии од прилог 2: студии на случај

**Power Point:** Слајд 18.

**Намена:** Ве молиме да ги прочитате студиите на случај во прилог 2 како подготовка за оваа активност. Тие обезбедуваат примери за начинот на кој сексуалното и родово базирано насилство влијае на луѓето во различни контексти насекаде во светот. Важно е да се адаптираат имињата и сториите во студиите на случај согласно со регионалниот контекст на обуката. Информациите за фасилитаторите се дадени подоле со цел да се обезбедат можни одговори на прашањата за дискусија во прилог 2. Побарајте од учесниците да го зачуваат прилогот во преостанатиот дел од обуката, затоа што ќе го користат во неколку наврати.

1. Поделете ги учесниците во 4 групи
2. Поделете копии од прилогот за секоја група, заедно со хартија и пенкала да може луѓето нешто да забележат доколку тоа е потребно
3. Определете по една студија на случај за секоја група
4. Објаснете дека тие имаат 20 минути да ја дискутираат студијата на случај и прашањата на прилогот
5. По 20 минути соберете ги сите групи заедно и побарајте од секоја група да дискутира за нивната тема

**Белешки за фасилитаторот за пленарната дискусија за студиите на случај:**

*Општи причини за сексуалното и родово базирано насилство:*

Сексуалното и родово базирано насилство најмногу е вкоренето во средини каде постојат нееднакви оски на моќ. Тоа може да биде помеѓу маж и жена, помеѓу возрасен и дете или помеѓу луѓе од ист пол.

Други по општи причини за сексуално и родово базирано насилство подразбираат:

- Дискриминациски, социјални и културни верувања и норми
- Злоупотреба на алкохол и дрога
- Недостаток на законска заштита
- Социо-економска дискриминација

## Студија на случај 1

### Сексуално и родово базирано насилство при природни катастрофи и принудно раселување.

Кога луѓето се раселуваат може да дојде до зголемен број на пријавени инциденти на сексуално и родово базирано насилство. Тоа може да биде во форма на домашно насилство, злоупотреба од страна на моќници, сексуално ропство, секс за преживување, заробување за трговија со луѓе, принуден/ран брак, физички напад, напади од вооружени групи (особено во текот на бегство).

Ризичните фактори за сексуално и родово базирано насилство може да бидат:

- Одвојување од членовите на семејството
- Немање храна и средства за егзистенција
- Недостаток на заштита придружен со распад на структурите во заедницата и во законодавниот систем и поредок
- Криминални банди кои пристигнуваат да ја искористат конфузијата по катастрофата и не функционирањето на правниот систем и поредок
- Пренаселени услови за живеење

## Студија на случај 2:
### Сексуално и родово базирано насилство во конфликтни ситуации

Сексуалното насилство честопати се користи како стратегија на војување или метод за измачување. Тоа има за цел да ја деморализира и дестабилизира заедницата и да го скрши достоинството на луѓето. Најчести форми се следниве:

- Силување, вклучително групно силување на мажи и жени од страна на вооружени групи или други лица
- Сексуално ропство
- Родители или мажи принудени да го гледаат силувањето на нивните деца или партнери
- Партнери или мажи принудени на силување на нивните деца или партнери

Најголемиот број на случаи на сексуално и родово базирано насилство се вршат врз жени и девојчиња, меѓутоа мажите и момчињата исто така се цел на сексуално и родово базирано насилство. Сексуалното насилство насочено врз мажи најмногу се случува за време на вооружени конфликти и во притвор. Најчести форми се следниве:

- Вербален напад
- Принуда за соблекување на облека
- Силување извршено од страна на машки или женски борци
- Принуда на учество во силување
- Принуда да се гледа силување на член на семејство

## Студија на случај 3:
### Домашно насилство

Домашното насилство честопати се јавува како резултат на нееднаква моќ во семејните односи. За време и по случувањето на кризна состојба честопати има зголемено пријавување на домашно насилство. Ова произлегува делумно како резултат на зголемено ниво на стрес кое доведува до тензии во односите. Решавањето на проблеми поврзани со домашното насилство може да биде многу тешко бидејќи тоа е тесно поврзано со културните и социјални норми и очекувања во однос на улогите на половите. Луѓето погодени од домашно насилство честопати не сфаќаат дека со тоа се нарушени нивните основни човекови права. Во некои земји. На пример, во некои земји, нормално е мажот да ја тепа

жената или мажот да има право на секс со жена му кога и да посака. Овие перцепции треба да се дискутираат за време на обуката.

Луѓето понекогаш избираат да останат во средина каде се предмет на злоупотреба како резултат на различни причини меѓу кои:

- Страв да не се изгубат децата
- Страв да не се изгуби животот
- Економска зависност
- Страв од социјална изолација
- Загуба на статус (омажените жени честопати имаат повисок статус во општеството отколку не омажените жени)
- Емоционална заложба кон мажот
- Оптимистички очекувања дека насилството набргу ќе заврши
- Закани од семејството
- Лојалност кон семејството и прекршителот
- Чувство на само-обвинување

## Студија на случај 4:
### Злоупотреба на деца

Конвенцијата за правата на детето на обединетите нации го дефинира детето како "лице под 18 годишна возраст, освен доколку законите на одредена земја не ја утврдуваат полнолетната граница на помлада возраст."

Сексуалното и родово базирано насилство врз деца не мора да подразбира физички контакт помеѓу возрасен и дете. Тоа може да биде однесување како на пример барање од децата да се соблечат, принуда на детето да гледа сексуален чин или силување, покажување на децата на гениталии на возрасен со цел да се задоволат сексуалните желби на возрасното лице и детска порнографија.

**Зошто децата се изложени на поголем ризик од возрасните лица?**

- Заради нивната големина, возраст и сила
- Заради нивната зависност од возрасните
- Бидејќи тие не се вклучени во процесите за носење одлуки

**Што го зголемува ризикот?**

- Ако децата се без придружба или одвоени од семејството

- Живот за време на конфликт или принудно раселување
- Физички и ментален хендикеп
- Живот во семејство каде има злоупотреба
- Девојчињата се 3 пати повеќе изложени на ризик од момчињата

**Што ги спречува децата да пријават случај на насилство?**

- Страв од последици (пример, физичка казна или одвојување од семејството)
- Страв дека никој нема да им верува
- Манипулација од страна на извршителот (пример, подароци и др.)
- Само-обвинување
- Заштита (пример, децата сакаат да го заштитат извршителот)
- Возраст (пример, децата може да не се свесни дека се предмет на сексуална злоупотреба)
- Физички или ментален хендикеп (пример, децата можеби не можат да пријават сексуално и родово базирано насилство).

## Пауза за ручек

## Сесија 4: Психо-социјално влијание на сексуалното и родово базирано насилство (60 минути)

Оваа сесија ги истражува психо-социјалните последици на сексуалното и родово базирано насилство врз лицата кои се погодени од него. Ова е важна основа за подоцнежните сесии во обуката, каде што учесниците ќе треба да видат како треба да одговорат на вакви ситуации.

### 4.1 Влијанието на сексуалното и родово базирано насилство и потребите на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство

**Цел:** Да се разбере психо-социјалното влијание на сексуалното и родово базирано насилство.

**Материјали:** Табак хартија, маркери, копии на прилог 2: студии на случај од минатата сесија.

**Power Point:** Не треба.

**Намена:** Оваа активност им овозможува на учесниците да размислат во повеќе детали за влијанието на сексуалното и полово базирано насилство врз луѓето кои се погодени од него.

1. Посакајте им добредојде на учесниците по паузата за ручек и видете дали има некои прашања или забелешки поврзани со утринската сесија.
2. Побарајте од учесниците да формираат групи составени од по 4 лица.
3. На групите кажете им да го погледнат прилог 2: студии на случај. Објаснете им дека треба да дискутираат за влијанието на сексуалното и родово базирано насилство врз луѓето кои се предмет во студиите на случај.
4. Дајте и на секоја група табак хартија и маркери и побарајте од нив да напишат 3 наслови на хартијата:
   - Психолошки последици
   - Социјални последици
   - Физички последици

5. Дајте им на групите 15 минути да ги прочитаат студиите на случај и да напишат примери за секоја од погоре наведените категории на влијание на нивната табак хартија.
6. По 15 минути, поканете секоја од групите да ги презентира своите заклучоци. Искористете ги подоле наведените информации да ја надополните дискусијата.
7. Поттикнете ги учесниците на пленарна дискусија за да зборувате за влијанието на сексуалното и родово базирано насилство во нивниот регион. Кои се последиците по жените, мажите и децата погодени од сексуалното и родово базирано насилство?

### Информации за фасилитаторите

***Психолошки последици*:**

- Емотивните последици може да бидат: страв, небезбедност, лутина, срам, лична омраза, само-обвинување, повлекување, безнадежност и беспокојност.
- Когнитивните последици може да бидат: потешкотии во концентрацијата, зголемена напнатост (пример, кога луѓето постојано се чувствуваат напнати во однос на тоа што се случува околу нив), повторени искуства на трауматскиот настан со сеќавања за настанот, кошмари или неспокој (ова може да биде предизвикано од многу различни фактори).
- Последици во однесувањето: несоница, избегнување (пример, некои лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство имаат тенденција да избегнуваат одредени ситуации кои ги потсетуваат на трауматскиот настан), социјална изолација, повлекување, промени во начинот на исхрана и злоупотреба на одредени супстанци.
- Ментално-здравствени последици: депресија, пост-трауматично стресно нарушување, вознемиреност, нарушена исхрана и злоупотреба на супстанци.

***Социјални последици:***

- Социјалните последици зависат од културниот контекст на областа. Кај многу култури лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство се стигматизирани и изолирани. Тие честопати се обвинуваат како причинители на инцидентот наместо тоа да биде лицето кое што го извршило сексуалното и родово базирано насилство, како резултат на облеката која што ја носеле или начинот на однесување. Стигмата исто така ќе влијае на семејството и поширокото опкружување на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство. Ова може да доведе до одбивање од страна на партнерите/семејствата/заедниците, одвојување од децата, губење на функцијата во општеството, губење на работа и приходи за живот.

- Лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство исто така може да имаат потешкотии во однос на сексуалните односи со партнерот. Ова може да доведе до тензии и промени во односите, особено ако лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство решат да не го пријават инцидентот на насилство на нивниот партнер.

***Физички последици:***

- Физичките последици како што се на пример сексуално преносливите болести (пример, ХИВ/Сида) или повреди може да се појават како резултат на сексуално и родово базирано насилство. Кај одредени култури, лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство може да бидат изложени на голем физички ризик ако заедницата дознае за инцидентот на насилство. Исто така постои зголемен ризик од самоубиство како резултат на многуте психолошки, физички и социјални последици.

***Последици специфични за женските лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство:***

Последиците од сексуално и родово базирано насилство може да бидат различни за машките и женските лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Женските лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство (жени и девојки) можеби ќе мора да се соочат со следниве последици:

- Бременост и дете од извршителот на злочинот
- Принуда да се омажат со извршителот за да се зачува семејната чест
- Ризик од дополнително насилство
- Неможност да се најде партнер
- Потешкотии да се преживее
- Негативни последици од сопствената заедница. Ако жената одлучи да го напушти нејзиниот партнер заради домашно насилство, таа може да биде стигматизирана. Луѓето може да ја оценат како себична затоа што сака да си ја заштити сопствената добросостојба наместо добросостојбата на нејзините деца.

***Последици специфични за машките лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство:***

Машките лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство може да бидат соочени со слични последици како и женските лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Меѓутоа мажите и момчињата погодени од сексуално и родово базирано насилство може да

имаат потешкотии во однос на својот имиџ и социјален идентитет како резултат на следниве работи:

Сексуалното и родово базирано насилство може да ги предизвика општите видувања и ставови поврзани со машкоста на лицето, односно дека мажите и момчињата треба да бидат силни, да ја контролираат ситуацијата и да бидат доминантни. Извршителите на овие дела честопати го користат сексуалното насилство врз мажите со цел тие да се прикажат како слаби, ранливи, беспомошни жртви – карактеристики кои за жал вообичаено им се припишуваат на жените. Ова е исклучително тешко во однос на ставот кој што преовладува дека жените имаат понизок статус.

Принудата на сексуален чин со друг маж директно влијае на сексуалниот статус на мажот. Преживеаните лица честопати се доведуваат во ситуација да се запрашаат за својата сексуална ориентација. Ова е посебно тешко кај културите каде хомосексуалноста е табу или забранета со закон.

Зависно од културниот контекст, мажите многу ретко избираат да проговорат дека биле жртви на сексуално насилство. Тие се срамат и чувствуваат слабост и вина. Тие се плашат дека ќе бидат етикетирани како хомосексуалци или бисексуалци во општества каде сексуалниот контакт од било кој вид помеѓу двајца мажи е табу. Оттаму овие лица веројатно ќе изберат да не го пријават насилството и да останат во изолација.

## Сесија 5: Психо-социјални потреби на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство (45 минути)

Оваа сесија истражува одговори кои може да бидат од помош за сексуално и родово базирано насилство и потребите на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.

### 5.1 Психо-социјални потреби на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство (мали групи, а потоа пленарна дискусија)

**Цел:** Да се идентификуваат психо-социјалните потреби на поединците од студиите на случај.

**Материјали:** Табак хартија, маркери, копии на прилог 2: студии на случај.

**Power Point:** Слајдови 20-21

**Намена:** Следнава вежба треба да им помогне на учесниците да ги идентификуваат потребите на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство и да дискутираат за реакции кои може да бидат од помош на лицата со потреби.

1. Објаснете дека вработените и волонтерите треба да бидат свесни за потребите на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство со цел да понудат соодветна психо-социјална поддршка.
2. Побарајте од учесниците повторно да ги разгледаат студиите на случај. Побарајте од нив да замислат дека лицето погодено од сексуално и родово базирано насилство во нивната студија на случај има сосед кој работи во Црвен Крст/Црвена Полумесечина. Еден ден лицето собира храброст и оди да разговара со својот сосед за оваа ситуација.
3. Побарајте од учесниците да формираат групи од по 3 или 4 лица. Дајте им на групите 15 минути да продискутираат на следниве прашања:

- Како замислувате дека лицето од студијата на случај ќе сака нивниот сосед да реагира?
- Што ќе им помогне да се чувствуваат по пријатно?
- Какви активности може да преземе соседот за да се подобри ситуацијата?

4. После 15 минути, повикајте ги групите да влезат и да ги дискутираат овие 3 прашања во пленарна дискусија. Предлозите запишете ги на табак хартија. Прашањата може да бидат составени од сите елементи споменати во вториот ден од обуката (пристап базиран на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство, комуникација за поддршка, начини за упатување на лицето да ја добие неопходната поддршка од одговорните служби). Меѓутоа кажете им на учесниците да не навлегуваат премногу длабоко во дискусијата, бидејќи психо-социјалната поддршка ќе се дискутира повеќе во детали во вториот ден.
5. Сумирајте ги активностите по пат на акцентирање на потребите на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство како и некои одговори кои може да бидат од помош. Видете ги информациите прикажани подоле.

**Информации за фасилитаторите во однос на одговори и потреби кои може да бидат од помош.**

*Одговори кои може да бидат од помош:*

- Бидете во близина и слушнете ја случката
- Користете зборови кои ќе му покажат на лицето дека сте го разбрале
- Верувајте му на лицето без да ја доведувате во прашање вистината на случката
- Не ставајте го лицето под притисок да ви кажува дополнителни детали за настанот
- Не осудувајте или обвинувајте го лицето со тоа што ќе му кажете на пример “Вие го испровоциравте вашиот маж, затоа тој ве тепа”.
- Немојте да извлекувате заклучоци или да анализирате (пример: “Мора да го мразите”)
- Чувајте ги информациите како доверливи
- Осигурете ја безбедноста и не го ставајте лицето во опасност, на пример со тоа што ќе зборувате со нејзиниот сопруг или со повикување на полицијата без нејзино одобрение
- Бидете јасни за достапните опции и одлуките кои треба да се преземат
- Обезбедете информации за сигурни служби до кои може да се упати лицето, пример, за обезбедување на медицинска поддршка
- Не го принудувајте лицето да прави било што
- Не ветувајте ништо (пример, “Се ќе биде во ред доколку одите во полиција”)
- Проверете ја ситуацијата повторно по одреден временски период за да видите дали лицето се чувствува подобро

Потреби на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство:

- Безбедност и заштита
- Грижа и разбирање
- Практична поддршка
- Поврзано со семејството и заедницата
- Егзистенцијални прашања за неговата/нејзината фамилија
- Само-ефикасност (верување во сопствените способности)
- Верба во иднината

## Сесија 6: Заокружување на денот (30 минути)

Целта на оваа сесија е да се заокружи денот по пат на повторување на поминатата материја во текот на денот. Оваа сесија може да се фасилитира на многу различни начини. Еве еден предлог:

### 6.1 Заокружување на денот (30 минути)

**Цел:** да им се овозможи на учесниците да се потсетат на спроведените активности во текот на денот.

**Материјали:** нема.

**PowerPoint:** Не треба.

1. Побарајте од учесниците да формираат круг.
2. Поканете го секое лице да влезе во кругот и да каже една работа која сакаат да ја искажат на овој прв ден од обуката. Тоа може да биде нешто ново што го научиле; работи кои биле посебно важни за нив; прашања или емоции кои сакаат да ги искажат, и др.
3. Заокружете го денот преку искажување благодарност на сите за нивното учество.

## Ден 2

## Сесија 7: Добредојде и рекапитулација на денот (45 минути)

Целта на оваа сесија е да се започне денот на позитивен начин и да се направи резиме на учените работи од првиот ден на обуката. Овој дел може да се фасилитира на многу различни начини. Еве еден предлог:

### 7.1 Добредојде (10 минути)

*(Мразокршач – пленарна сесија)*

**Цел:** Да се отвори ден 2, да се потсетат учесниците како се викаат и да се загрее групата.

**Материјали:** Топка.

**PowerPoint:** Не треба.

1. Посакајте им добредојде на учесниците на вториот ден од обуката.
2. Започнете го денот со мразокршач за да направите резиме на првиот ден. Една од опциите може да биде со подавање на топка од еден на друг.
3. Направете круг и фрлајте меко топче во кругот. Поттикнете ги учесниците да го кажат лицето на кого му ја фрлаат топката. Тој/таа кажува една работа што ја научил во изминатиот ден, а потоа ја фрла топката на друг. Продолжете на тој начин се додека не се опфатат сите работи кои се дискутирани во првиот ден.

### 7.2 Цели за учење за ден 2 (5 минути)

*(Презентација на фасилитаторот)*

**Цел:** Да се набројат целите на обуката за ден 2

**Материјали:** Не треба.

**PowerPoint:** Слајдови 2-3

1. Потсетете ги учесниците дека во првиот ден акцентот беше ставен на вовед во сексуално и родово базирано насилство. Накратко резимирајте ги темите кои беа опфатени во првиот ден. Прашајте дали има било какви прашања или забелешки.
2. Дајте краток преглед на програмата за вториот ден и претставете ги целите на обуката за вториот ден. Објаснете дека вториот ден се фокусира на пристап со акцент на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство, комуникациски вештини, упатување до одговорни служби и ИАСЦ интервенциска пирамида.
3. Прочитајте ги целите на обуката и објаснете ги.
4. Прашајте дали има некои прашања поврзани со целите. Одговорете на прашањата.

**Цели на обуката – втор ден:**

До крајот на вториот ден учесниците ќе можат:

- Да ги разберат основните принципи на работа со лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство
- Да постапуваат со пријавени случаи на сексуално и родово базирано насилство
- Да користат основни комуникациски вештини за контактирање на лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.
- Да упатуваат лица погодени од сексуално и родово базирано насилство до одговорни служби
- Да идентификуваат психо-социјални потреби на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство
- Да обезбедуваат психо-социјална поддршка за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство

## 7.3 Психо-социјална поддршка (10 минути)

*(Инструкции на фасилитатор)*

**Цел:** Да се разбере концептот на психо-социјална поддршка

**Материјали:** Не треба.

**PowerPoint:** Слајд 4.

**Намена:** Оваа обука нема за цел да се фокусира премногу на концептот на самата психо-социјална поддршка. Меѓутоа, во вториот ден на обуката учесниците треба да го разберат концептот на психо-социјална поддршка.

Ве молиме користете го сетот за обука за психо-социјална поддршка базирана во заедницата, подготвен од Психо-социјалниот Центар (www.pscentre.org) ако сакате да обезбедите дополнителни насоки за психо-социјална поддршка.

1. Накратко објаснете што е психо-социјална поддршка. Користете го објаснувањето прикажано подоле.
2. Прашајте дали има некои прашања. Одговорете на прашањата.

**Дефиниција на психо-социјална поддршка**

Психо-социјалната Рамка 2005-2007 на Меѓународната Федерација ја дефинира психо-социјалната поддршка како “процес на фасилитирање на отпорност кај поединците, семејствата и заедниците – овозможување на семејствата да се опоравaт од влијанието на кризи и да им се помогне да се справат во иднина со вакви настани. Преку почитување на независноста, достоинството и механизмите за справување на поединците и заедниците, психо-социјалната поддршка промовира обновување на социјалната кохезија и инфраструктура”.

## 7.4 ИАСЦ интервенциска пирамида (10 минути)

*(Инструкции на фасилитаторот)*

**Цел:** Да се претстави ИАСЦ интервенциска пирамида

**Материјали:** Не треба.

**PowerPoint:** Слајд 5.

**Намена:** ИАСЦ интервенциската пирамида за психо-социјални интервенции е добро воспоставен начин за презентирање на различни видови на поддршка која им е потребна на луѓето во итни ситуации. Оваа активност ја претставува пирамидата а потоа сесија 13, подоцна во денот ја надградува, преку

разгледување на повеќе детали во различни активности кои се однесуваат на четирите нивоа на пирамидата.

1. Накратко објаснете ја ИАСЦ интервенциската пирамида. Користете ги информациите прикажани подоле.
2. Прашајте дали има некои прашања. Одговорете на прашањата.

**Информации за фасилитаторите на ИАСЦ интервенциската пирамида:**

Користете го PowerPoint слајдот или нацртајте ја пирамидата на табак хартија и објаснете ги четирите нивоа на поддршка.

Претставете ја пирамидата со тоа што ќе кажете: луѓето погодени од кризи и катастрофи имаат различни потреби и им треба различен вид на поддршка зависно од нивната ситуација. Нивоата на пирамидата претставуваат различни видови на поддршка кои може да им требаат на луѓето, во време на криза, во рана фаза на реконструкција или во тековни ситуации на кризна состојба на луѓето во тек на повеќе години.

**Основни услуги и безбедност:** добросостојбата на луѓето се штити преку задоволување на основни потреби и права поврзани со безбедноста, раководењето и обезбедување на суштински услуги и поддршка како што се храна, чиста вода, здравствена грижа и засолниште.

**Семејна поддршка и поддршка на семејството:** на голем број на луѓе може да им треба поддршка во однос на обезбедување пристап до клучни потреби во заедницата како и семејна поддршка. Како резултат на нарушувањето на нормалната состојба предизвикана од криза или катастрофа, тоа може да резултира и со нарушени семејни врски и редовна поддршка од заедницата.

**Фокусирана не специјализирана поддршка:** на една помала бројка на луѓе ќе и биде потребна поддршка која е по директно фокусирана на психо-социјална добросостојба. Ова може да биде индивидуална, семејна или групна интервенција, типично спроведена од обучени и стручни лица.

**Специјализирани услуги:** на врвот на пирамидата е дополнителна поддршка за мал процент на население на кое му треба по специјализирана професионална поддршка бидејќи имаат голема потешкотија во дневното функционирање и покрај поддршката која веќе беше спомената.

## 7.5 Резиме за психо-социјални последици од сексуално и родово базирано насилство (10 минути)

*(Индивидуална работа и пленарна дискусија)*

**Цел:** Подготовка за следна сесија преку резимирање на психо-социјални последици од сексуално и родово базирано насилство

**Материјали:** Хартија, пенкала.

**PowerPoint:** Не треба.

**Намена:** Ова е кратка активност за ревидирање на психо-социјалните последици на сексуално и родово базирано насилство во однос на луѓето погодени од него. Погрижете се учесниците да не се чувствуваат негативно ако не успеат да ги запомнат сите последици. Поттикнете ја групата да работи заедно на оваа задача.

1. Објаснете дека ќе ги ревидирате психолошките, социјалните и физички последици од сексуално и родово базирано насилство од претходниот ден. Поканете 2 или 3 лица да дадат примери.
2. Сега побарајте од нив во период од 2-5 минути индивидуално да работат и да напишат колку што е можно повеќе последици на кои се сеќаваат.
3. Напишете ги категориите на последици на табак хартија и поканете ги учесниците да наведат примери за секоја категорија. Пополнете ги празнините ако луѓето не можат да се сетат на се.

## Сесија 8: Пристап базиран на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство (45 минути)

Оваа сесија се фокусира на пристапот со акцент на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство, што значи дека се почнува со искуствата на лицето кое преживеало ваков настан. Овие искуства ги определуваат потребите а потребите ја определуваат потребната поддршка.

### 8.1 Основни принципи во работа со луѓе погодени од сексуално и родово базирано насилство (45 минути)

*(Мали групи и пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се идентификуваат основните принципи на принципот базиран на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство.

**Материјали:** Хартија и пенкала. Направете 4 комплети на карти со 1 принцип напишан на секоја карта. Користете ги зборовите безбедност, доверливост, почитување и не дискриминација на картите.

**PowerPoint:** Слајдови 6-7.

**Намена:** Имајте во предвид дека оваа сесија почива врз принципот на доверливост. Тука не се вклучени детали во однос на исклучоци за доверливо чување на информации. Ова е опфатено во сесиите 9 и 12.

1. Поделете ги учесниците во 4 мали групи и дајте им комплет карти со принципите и хартија и пенкала за секоја група.
2. Дајте им на групите 15 минути да ги дискутираат следниве прашања:
   - Што значи овој принцип?
   - Зошто е овој принцип важен кога се работи со лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство?
3. После 15 минути поканете секоја од групите да ги презентира одговорите на пленарна сесија.
4. Заокружете ја активноста преку разговор за пристапот кој се базира на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство преку користење на информациите прикажани подоле

**Информации за фасилитатори за принципите на пристапот базиран на лице кое преживеало сексуално и родово базирано насилство:**

Пристапот базиран на лице кое преживеало сексуално и родово базирано насилство значи давање приоритет на правата, потребите и желбите на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Овој пристап се базира на принципите дискутирани во оваа сесија и се одразува во вештините кои ги користат вработените и волонтерите во промовирање на опоравувањето на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство.

Овие белешки се фокусираат на принципите на пристапот за лице кое преживеало сексуално и родово базирано насилство. Сесиите 9-12 се насочени на потребните вештини за поддршка на луѓе погодени од сексуално и родово базирано насилство.

## 1. Принцип на безбедност

Безбедноста на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство и неговото семејство треба да биде обезбедена во секое време. Безбедноста на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство е приоритет број 1. Овие лица се под висок ризик за повторно насилство (пример, домашно насилство), убиство или самоубиство, како и социјална дискриминација и изолација. Помагателите треба да направат процена на безбедносните ризици и да ги минимализираат ризиците на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство и на нивните најблиски членови на семејството.

Инцидентите на сексуално и родово базирано насилство исто така влијаат на чувството на безбедност и сигурност во однос на другите луѓе. Светот одеднаш може да изгледа опасно, хаотично или небезбедно место. Природна работа е лицата кои што преживеале да ја изгубат довербата во добрината на човекот. Помагателите треба да се обидат да ги поддржат со тоа што ќе останат во нивна близина, да останат прибрани, дури и во случај кога лицето е исклучително вознемирено. Искреноста и чесноста ќе им помогне на вознемирените лица да го обноват чувството на доверба и безбедност и да го започнат процесот на опоравување.

## 2. Принцип на доверливост

Зачувувањето на доверливоста значи информациите за лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство да не се споделуваат со други лица без дадено одобрение на лицето кое преживеало насилство. Ова значи дека информациите не треба да се споделуваат со доктори, други невладини организации, соработници, членови на семејство, медиуми, и др.; без одобрение на лицето.

Има одредени исклучоци на ова правило кои се однесуваат на апсолутната безбедност на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство и неговото најблиско семејство. Овие исклучоци ќе ги дискутираме во следната сесија. Објавувањето на доверливи информации може да го изложи лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство на сериозна социјална стигма.

Во некои општества луѓето погодени од сексуално и родово базирано насилство ќе бидат казнети или пак дури изложени на ризик да го изгубат животот (заедно со најблиските членови на нивното семејство). Тие може да бидат изолирани или одбиени од нивното семејство и заедницата.

Заради тоа доверливоста е од исклучителна важност во сите аспекти на обезбедување на поддршка за лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство. Заканата од дискриминација, социјална изолација и казна е многу реална. Лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство ќе бидат исплашени, ако информациите за нив се прошират во јавноста.

Помагателите мора секогаш да ги информираат лицата кои што ги помагаат дека никакви информации нема да бидат споделувани освен со писмена согласност од лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.

Фактот дека лицето ја споделило неговата/нејзината случка со вас како обезбедувач на услуга е голем чекор и знак на доверба. Заради тоа сите лични информации треба да бидат третирани исклучително внимателно. Зачувувањето на доверливоста во секое време е важна стратегија да се осигури безбедноста на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство за да се минимализира ризикот од дискриминација и изолација.

## 3. Принцип на почитување

Почитувањето значи лицето кое преживеало насилство е примарен чинител во ситуацијата. Желбите, правата и достоинството на лицето кое преживеало насилство треба да бидат почитувани во секое време. Улогата на помагателите е да се фасилитира опоравувањето и да се обезбедат ресурси за решавање на проблеми.

Губењето на контрола е централен елемент на ситуации на сексуално и родово базирано насилство. За време на процесот на опоравување лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство треба повторно да го добие чувството на контрола врз својот живот. Недостатокот на почитување на правата на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство да најде свои сопствени решенија може да го зголеми чувството на беспомошност и зависност од другите.

Работата на помагателот секогаш треба да биде во насока на зајакнување на личната ефикасност со цел да му се овозможи на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство да се чувствува силен и компетентен. Лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство треба да бидат во можност да го контролираат процесот и нивните желби треба да ги детерминираат преземените акции.

## 4. Принцип на недискриминација

Сите луѓе имаат право на најдобро можна помош, без дискриминација, врз база на пол, возраст, хендикеп, раса, боја на кожа, јазик, вера или политичко убедување, сексуална ориентација, брачен статус или класна припадност, и др.

Кога го дискутираме принципот на недискриминација, поканете ги учесниците да се фокусираат на нивните предрасуди и искуства на одбивање на другите. Прашајте ги дали има луѓе кои тие се обидуваат да ги избегнат или дали има луѓе со кои што претпочитуваат да работат (заради чувства на симпатија, или иста возраст, ист пол, иста етничка група, и др.). Поканете ги да кажат кои се причините за ова. За да понудиме поддршка на недискриминаторен начин, треба да бидеме свесни за работите кои што претпочитуваме или за предрасудите кои што ги имаме.

**Пауза за кафе/чај**

## Сесија 9: Пристап базиран на практична работа со лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство (45 минути)

Оваа сесија им дава можност на учесниците да размислат како да го стават пристапот базиран на практична работа со лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.

### 9.1 Пристап базиран на практична работа со лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство (45 минути)

*(Мали групи и пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се применат основните принципи на пристапот базиран на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство.

**Материјали:** Копии на прилог 2: студии на случај, табак хартија, маркери, копии на прилог 3: пристап базиран на лице кое преживеало сексуално и родово базирано насилство во работата со луѓе погодени од сексуално и родово базирано насилство.

**PowerPoint:** Слајд 8.

**Намена:** Погрижете се да овозможите доволно време за дискусија по работата во мали групи (најмалку 20 минути). За време на дискусијата ќе почнете да разгледувате детални аспекти за поддршка на луѓето погодени од сексуално и родово базирано насилство. Подоле е обезбедена информација за фасилитаторите за оваа цел (види информација за фасилитатори за примена на принципи во пракса).

1. Подредете ги учесниците во 4 групи.
2. Побарајте групите да изберат 1 од студиите на случај од прилог 2: студии на случај.
3. Дајте им 20 минути да размислат како би ги примениле 4-те основни принципи – безбедност, доверливост, почитување и недискриминација – во оваа ситуација.
4. Дискутирајте ги одговорите во пленарна сесија. Нотирајте ги одговорите на табак хартија.
5. Сега поврзете ги одговорите со подетални насоки во однос на употребата на принципите во пракса, преку користење на информациите прикажани подоле.

6. Заокружете ја активноста со тоа што ќе им дадете на учесниците копии од прилог 3: пристап базиран на лицето кое преживеало насилство за работа со луѓе погодени од сексуално и родово базирано насилство.

**Информации за фасилитатори за практична примена на принципите во пракса**

**Безбедност:**

- Претставете се вие и услугите кои се достапни, и бидете транспарентни во однос на сите акции кои што ги преземате.
- Погрижете се да обезбедите просторија; ако е можно, таа да биде тивка и каде што ќе може да се зачува приватноста на луѓето.
- Останете мирни, дури иако лицето е исклучително вознемирено.
- Останете во близина.
- Помогнете му на лицето да се идентификува и веднаш погрижете се да се справите со одредени безбедносни ризици.
- Обидете се да најдете решение за тековните ризици.
- Не правете ништо што ја загрозува безбедноста на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство или неговото/нејзиното семејство.
- Потенцирајте дека ситуацијата на насилство е помината, дека тој/таа преживеал/а, и дека е сега на безбедно (ако е таков случајот).
- Подгответе индивидуален безбедносен план заедно со лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство. Обидете се да најдете места каде што тој/таа ќе се чувствува безбедно.

**Доверливост:**

- Погрижете се сите собрани информации за лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство да се чуваат на безбедно место (податоците треба да бидат заклучени, а документите на компјутер обезбедени со лозинка).
- Ако треба да ги споделите информациите за лицето кое преживеало насилство со надворешна организација, мора да добиете информирано писмено одобрение од лицето или од негов родител или старател, ако лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство е дете (види го текстот подоле). Немојте да го форсирате лицето да даде принудно одобрение. Споделувајте ги само неопходните и релевантни информации (не сите детали) со другите инволвирани во обезбедување на поддршка (откако ќе добиете писмено одобрение). Информираното одобрение подразбира дека лицето кое преживеало сексуално и родово

базирано насилство ќе биде информирано кои информации ќе бидат споделени, со кого и заради која причина.

- Не споделувајте било какви информации за лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство или за неговата ситуација (пример. давање на име или други информации за идентификација) со никој друг – дома или на работа.
- Избегнувајте да ги идентификувате лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство во текот на имплементацијата на услуги. Лицата кои преживеале насилство може да бидат доведени во ризик, да бидат идентификувани од страна на заедницата ако посетуваат специјализирани програми. Овој ризик може да се минимализира преку опфаќање на специјалните потреби на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство во рамки на пошироките психо-социјални програми.

Исклучоци поврзани со зачувување на доверливоста на податоци:

- Кога лицето кое преживеало насилство може да се обиде да се повреди себе си.
- Кога постои ризик лицето кое преживеало насилство да повреди други лица.
- Кога во опасност е дете.
- Кога националните или меѓународни закони или политики наложуваат обврзно пријавување на случајот (на пример, заради сексуална експлоатација и злоупотреба од страна на хуманитарен работник).

Многу е важно лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство да бидат информирани за причините за обврзно пријавување на случајот – по можност пред да почнат да објаснуваат што им се случило. Мора да им се стави јасно на знаење дека што и да кажат треба да се пријави како резултат на национални, меѓународни закони или политики. Ова им дава можност да продолжат да ја кажуваат случката или во тој момент да прекинат.

Дефиниција за информирано одобрение:

Информирано одобрение претставува доброволен договор на поединец кој има законска можност да даде одобрение. За да даде информирано одобрение поединецот мора да има капацитет и да е полнолетен, да знае и да ги разбира услугите кои му се нудат и да биде законски во состојба да даде одобрение. Родителите/згрижувачите вообичаено се одговорни за давање одобрение за добивање на услуги во име на нивните деца се додека тие се помлади од 18 годишна возраст.

**Почитување:**

- Не ставајте го лицето под притисок да говори и да открива за настанот.
- Бидете внимателни и љубезни. Не го осудувајте лицето.
- Покажете сочувствителност. Лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство понекогаш чувствуваат дека нивните емоции, мисли и однесување се чудни. Објаснете им дека нивните реакции се нормални.
- Информирајте го лицето за можностите за упатување до различни служби но не го принудувајте да презема било какви акции. Ако желбата на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство е да биде интервјуирано или испитано од лице од негов пол, погрижете се да обезбедите машко/женско вработено лице ако е достапно.
- Погрижете се лицето кое преживеало насилство да не мора да ја прераскажува случката повеќе пати.
- Некои лица кои преживеале домашно насилство одлучуваат да останат во средината каде што им се случила злоупотребата. Дури во тие ситуации, не треба да се презема никаква акција против желбата на лицето погодено од домашно насилство.

**Недискриминација:**

- Потсетете се на вашите сопствени предрасуди и претпоставки.
- Понудете поддршка на секого без никаква дискриминација, врз база на пол, возраст, хендикеп, раса, боја на кожа, јазик, верска припадност или политичко убедување, сексуална ориентација, статус или социјална класа, и др.

## Сесија 10: Комуникациски вештини за поддршка (90 минути)

Оваа сесија е насочена на комуникациски вештини за поддршка. Од суштинско значење е да се знае како да се комуницира на ефективен начин во обезбедувањето на добра психо-социјална поддршка. Тука се подразбира знаење како да се поставт прашања за собирање на информации од лице кое бара помош и знаење како активно да се ислуша лицето.

### 10.1 Поставување прашање (30 минути)

*(Мали групи и пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се открие кои видови на прашања помагаат во собирање информации

**Материјали:** Не треба.

**PowerPoint:** Слајдови 9-10.

**Намена:** Оваа активност им дава на учесниците можност да вежбаат како да поставуваат отворени прашања меѓутоа, како фасилитатор, обидете се да не ја претставите активноста со користење на терминот "отворени прашања". Целта на активноста е учесниците да откријат кој вид на прашања функционираат со цел да се соберат соодветни информации.

1. Побарајте од учесниците да формираат групи составени од по 3 лица.
2. Објаснете дека задачата на секоја група е да направи кратко интервју. Групата може да ја избере темата на интервјуто. Тоа може да биде забавна тема, како на пример "Која е вашата омилена ТВ програма?", или "Што уживате да правите во вашето слободно време?" Посоветувајте ги групите да не избираат тема која може да предизвика вознемирување кај учесниците.
3. Секоја група треба да избере едно лице кое ќе го врши интервјуто; едно лице кое ќе биде интервјуирано, и едно лице кое ќе биде набљудувач.
4. Меѓутоа има едно посебно правило за интервјуто. Лицето кое го врши интервјуто мора да открие колку што е можно повеќе информации без лицето кое е интервјуирано да каже "Да" или "Не".

5. Сменете ги улогите после 5 минути, и повторно направете го истото после 5 минути така да сите имаат можност да ги играат трите улоги.
6. Дискутирајте ја активноста во пленарна сесија:
- Дали беше тешко да се поставaт прашањата? Што беше тешко?
- Како се чувствувавте додека бевте испрашувани на овој начин?
- Што видоа набљудувачите?
- Каков вид на прашања функционираат добро со ова специјално правило?
7. Објаснете ја разликата помеѓу отворени и затворени прашања. Видете ги информациите за фасилитатори подоле.

**Информации за фасилитатори за отворени и затворени прашања**

Отворените прашања се прашања кои започнуваат со зборови како што се на пример **Што, кога, како, кој, зошто, на кој начин.** Тие обично наложуваат одговор од повеќе од 1 збор и се од помош да се открие нешто повеќе за одредено лице или ситуација. Затворените прашања од друга страна може да се одговорат со 1 збор или кратка фраза.

На пример:

- Отворено прашање: "Како сте успеале да ги подигнете децата сами?"
- Затворено прашање: "Дали е тешко да се подигнат децата самостојно?"

или

- Отворено прашање: "Какво беше ова искуство за вас?"
- Затворено прашање: "Дали беше искуството страшно?"

## 10.2 Активно слушање (20 минути)

*(Кратка презентација)*

**Цел:** Да се обезбедат информации за активно слушање.

**Материјали:** Не треба.

**PowerPoint:** Слајд 11.

**Намена:** Направете кратка презентација за активно слушање по пат на користење на белешките кои се дадени подоле во текстот. Активното слушање вклучува вербална и невербална комуникација. Ве молиме да имате во предвид дека оваа сесија опфаќа вербална комуникација, а сесија 11 опфаќа невербална комуникација.

1. Објаснете им на учесниците дека тие ќе имаат шанса да вежбаат вештини за активно слушање по одржувањето на презентацијата.
2. Користете ги белешките подоле да објасните што е активно слушање и на кој начин тоа е дел од комуникациската поддршка.

**Информации за фасилитаторот за активно слушање**

Активното слушање е клучен елемент на комуникациската поддршка. Тоа значи давање целосно внимание на говорникот. Тоа значи не само да се слуша она што се кажува, туку да се слушне исто така и “музиката” позади зборовите, и регистрирање на движење, говор на телото, боја на гласот и изрази на лицето. Уметноста на слушањето е да се биде во состојба да се најде значењето од она што се кажува и начинот на кое што тоа се кажува. Активното слушање како поддршка на ситуации значи фокусирање на говорникот. На говорникот му се дава простор и време да зборува без помошникот да го прекинува преку прекинување со искажување на сопствени мисли и чувства.

Елементите на активно слушање се следниве:

- Одржување на контакт со очите (ако ова е културно соодветно) без да се започне дискусија.
- Фокусирање на вниманието на лицето кое преживеало насилство и оставање простор тоа да зборува.
- Користење на прашање за појаснување и искази за сумирање, пример, “Што мислевте со тоа што кажавте.....”; “Не сум сигурен дека ве разбрав што мислевте кога спомнавте....”; “Дали велите дека....”; “Дали разбрав точно дека....”
- Избегнување на давање на мислење или тврдење.
- Обид да се остане фокусиран.
- Насочување на вниманието на она што го вели лицето, наместо на претпоставки, или на подготовки што да кажете вие следно.
- Користење на ваш говор на телото за да го пренесете вашето внимание.
- Користење зборови како на пример “Да”, и “Хмм”, и “Продолжете понатаму”
- Користење на соодветни изрази на лицето.
- Будно следење на ситуацијата со високо ниво на присутна енергија.

- Овозможување на време за ќутење и размислување.

Истакнете дека оваа листа содржи примери на вербална и не вербална комуникација. Побарајте од учесниците да дадат примери за двете. Објаснете дека ќе зборувате повеќе за не вербална комуникација во следната сесија.

Луѓето погодени од сексуално и родово базирано насилство честопати се обвинуваат себеси. Луѓето кои обезбедуваат поддршка мора да им ја пренесат пораката дека сексуалното насилство е секогаш вина на извршителот на дејството а никогаш не е вина на лицето кое го преживеало насилството. Суштински е во овие околности помагателите да не ја зголемат стигмата и чувството на само-обвинување преку стигматизирање преку типот или тонот на прашањата кои ги поставуваат, на пример “Зошто немавте некој да ве придружува таа ноќ?”

Меѓутоа, ако лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство имаат можност да ја прераскажат нивната приказна во атмосфера каде постои поддршка за тие лица, ова им овозможува да разберат и полесно да сфатат што им се случило. Прашање како “Какви настани доведоа до нападот” е посоодветно да се постави за таа цел.

## 10.3 Активно слушање (40 минути)

*(играње улоги во парови и пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се вежба активно слушање.

**Материјали:** Копии од прилог 2: студии на случај.

**PowerPoint:** Слајдови 12-14.

**Намена:** Играњето улоги на ваква чувствителна тема може да биде предизвик и може да предизвика тешки емотивни реакции кај некои учесници. Врз база на искуствата со учесниците до тој момент, проценете дали е соодветно да се користат студиите на случај за играњето улоги или дали е подобро да се користи неутрална тема од секојдневниот живот на учесниците за оваа активност.

1. Објаснете ја процедурата за играње улоги: побарајте од учесниците да се поделат во парови. Во секој пар, едно лице ја има улогата на активен слушател/помагател, а другото лице е говорникот/лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство.

2. Има 30 минути за оваа активност каде што може да направите 2 круга на играње улоги. На овој начин секој ќе има можност да ги игра улогите на двете личности.
3. Побарајте од говорниците да изберат една од студиите на случај и да ја искористат сторијата како основа за нивното играње на улоги.
4. Побарајте од слушателите 100 процентно да го посветат нивното внимание во однос на она што го велат говорниците, и овозможете им на говорниците да зборуваат за нивната ситуација на нивен својствен начин, наместо да им правите интервјуа.
5. После 15 минути, побарајте од учесниците да ги заменат улогите со нивните партнери.
6. Завршете со групна дискусија во пленарна сесија, преку користење на следниве прашања:
   - На кој начин ова се разликуваше од одредена секојдневна конверзација?
   - Како се чувствувавте кога беше тишина?
   - Дали се чувствувавте по удобно како говорник или како слушател?
   - Што може да ве спречи да посветите 100 процентно внимание?
   - Кои фактори може да ви овозможат целосно да му го посветите вниманието на говорникот?
7. Резимирајте преку акцентирање на суштинските точки во комуникацијата.

**Суштински точки за комуникација:**

- **Бидете во близина и бидете мирни**
- **Немојте да пресудувате**
- **Бидете сочувствителни:** лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство чувствуваат дека нивните емоции, мисли и однесување се чудни. Секој одговара на различен начин, но објаснете дека нивните реакции се всушност многу нормални. Тоа не значи дека нивните реакции се чудни, туку ситуацијата со која биле соочени не е нормална.
- **Обезбедување на практични информации**
- **Предизвикување на стигма**
- **Промовирање на безбедност:** потенцирајте на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство дека периодот на насилство завршил, дека тие преживеале и дека се сега на безбедно (се додека е таков случајот).

**Пауза за ручек**

## Сесија 11: Невербална комуникација (30 минути)

Оваа сесија е насочена кон влијанието на невербалната комуникација и говорот на телото.

Посакајте им добредојде на учесниците по паузата за ручек и одговорете на прашања доколку ги има. Накратко презентирајте ја програмата за попладневните часови.

## 11.1 Цртање без гледање (10 минути)

*(работа во парови)*

**Цел:** Да се укаже на важноста на невербалната комуникација во процесот.

**Материјали:** Прилог 4: цртежи, хартија и пенкала.

**PowerPoint:** Не треба.

**Намена:** Активностите 11.1 и 11.2 немаат пленарна дискусија, бидејќи активноста 11.3 вклучува дискусија за сите 3 активности.

1. Побарајте од учесниците да се групираат во парови (и поделете ги на личност А и личност Б) и нека седнат свртени грб со грб.
2. Дајте и цртеж на личност А и лист хартија и пенкало на личност Б. Погрижете се тие да седат на начинот опишан погоре за да не може да си ги видат материјалите еден со друг.
3. Сега побарајте од личност А да го опише цртежот. Личност Б треба да се обиде да ја нацрта сликата врз база на она што го опишува личност А. Не смее да се вртат назад за да си помагаат на партнерот.
4. После 5 минути прекинете ја вежбата и побарајте од учесниците да го споредат цртежот со оригиналот.
5. Објаснете дека оваа вежба покажува колку е важна не вербалната комуникација. Тешко е да се нацрта цртеж само врз база на вербални информации.

## 11.2 Приближување
(10 минути)

*(работа во парови)*

**Цел:** Да се укаже на границите во однос на запазување на личниот простор.

**Материјали:** Столици (иако оваа игра може да се игра и стоечки).

**PowerPoint:** Не треба.

1. Побарајте од учесниците да се групираат во парови и да седнат на столици одвоени една од друга на околу 1,5 метар растојание.
2. Побарајте од нив да си кажат еден на друг како и зошто почнале да работат во Црвен крст/Црвена полумесечина.
3. После неколку минути, викнете “Промена”! Објаснете дека “Промена” значи дека треба да ги мрднат столиците на некој начин. Тоа може да значи да ги придвижат поблиску една кон друга, подалеку една од друга, директно една наспроти друга, грб со грб, и др. Паровите може да изберат што сакаат да прават. Тие продолжуваат да зборуваат еден со друг (или се обидуваат да зборуваат еден со друг), без разлика каде седат.
4. Викајте “Промена” онолку често зависно од она што го прави групата. Направете ја вежбата забавна со тоа што ќе оставите многу малку време помеѓу двете промени.

## 11.3 Невербална комуникација – Што научивме?
(10 минути)

*(пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се сумира наученото за невербална комуникација.

**Материјали:** Не треба.

**PowerPoint:** Не треба.

1. Побарајте од учесниците коментари и забелешки за активност 1 и за активност
2. Искористете ги следниве прашања доколку тоа е потребно:

**Во активност 1**

- Како беше да не се види лицето на човекот со кој зборувавте или го слушавте?
- Како тоа влијаеше на она што се обидувавте да го направите?
- Што научивте преку спроведувањето на оваа активност?

**Во активност 2**

- Каде ви беше поудобно да седите?
- Кога ситуацијата стана непријатна?
- Што беше непријатно?
- Што научивте од оваа активност?

3. Искористете ги белешките подоле да се надоврзете на забелешките од учесниците за невербална комуникација и личниот простор во однос на психо-социјална поддршка за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство:

**Психо-социјална поддршка за лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство:**

Помагателите треба да бидат исклучително внимателни за било која форма на физички контакт и ограничувањата на личниот простор. Ова се аспекти на искуствата на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство а биле нарушени во текот на нападот врз нив.

Ограничувањата во однос на личниот простор исто така зависат од културниот контекст. Проверете со учесниците што е соодветно во заедниците каде работат. Невербалните прашања исто така зависат и од културниот контекст. Проверете заедно со учесниците што е соодветно и исправно за нив во однос на следниве прашања:

- Да се биде лице во лице со говорникот кога му се зборува на некого
- Контакт со очи
- Да се покаже дека се слуша говорникот со климање на главата или со велење “хм,” или “а ха,” и др.
- Користење на израз на лицето за да се пренесе дека слушате што се кажува /смирувате некого покажувате сочувство, и др.
- Да останете смирени и релаксирани
- Да задржите отворени ставови.

## Сесија 12: Упатување (60 минути)

Оваа сесија е составена од два дела: Првиот дел ги прикажува предизвиците во однос на упатување на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство до одговорните служби во заедницата. Вториот дел го елаборира процесот на самото упатување.

**Инструкции:**

Објаснете дека честопати ќе биде потребно лицата да се упатуваат до одговорни служби или групи/поединци во процесот на обезбедување на психо-социјална поддршка на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Пред да започне оваа сесија, погрижете се учесниците да знаат што значи упатување на некое лице. Тоа значи изнаоѓање помош за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство преку неформални системи како на пример групи или верски лидери во заедницата или формални системи одговорни за обезбедување помош за одредено прашање, пример прави услуги, медицинска помош, специјализирано психолошко лекување, и др.

Подоле има прикажано повеќе информации во однос на упатување на лицата (види информации за фасилитатори за упатување на лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство).

### 12.1 Пајакова мрежа (30 минути)

*(активност во голема група и пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се разбере предизвикот поврзан со упатување на лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.

**Материјали:** Копија од приказната за настанот: Мојата ќерка е силувана (види подоле), Сет на карти за играње улоги за настанот (на секоја карта напишана улога), и клопче.

**PowerPoint:** Не треба.

**Намена:** Оваа активност ги покажува ризиците поврзани со упатување поврзани со:

- Чување на приказната на лицето во доверливост
- Минимализирање на бројот на прераскажувања на настанот.

Направете комплет на карти со улоги на кои се прикажани сите луѓе од настанот како на пример: мајка, тринаесет годишна ќерка, сопруга на локалниот старец, локалниот исцелител, машки теренски службеник, женски теренски службеник, војник, доктор, полицаец и сосед. Како фасилитатор на оваа активност, полека прочитајте ја сторијата на глас а учесниците нека си подаваат клопче во групата (како што е прикажано во инструкциите подоле).

Тринаесет годишна девојка и кажува на мајка и дека соседот ја силувал. Мајката не знае што да прави, па оди кај жената на локалниот лидер на заедницата, и и ја кажува случката. Таа и вели да ја однесе ќерка и кај локалниот исцелител. Таа оди кај исцелителот и ја повторува приказната за силувањето од страна на соседот. Исцелителот ја прегледува ќерката, и дава лекарства и и вели на мајката да се обрати до локалниот центар на Црвен крст/Црвена полумесечина.

Во центарот е присутен машки теренски службеник, и мајката му кажува што се случило. Тој ја препраќа до женскиот теренски службеник. Тие одат кај неа и повторно кажуваат што се случило и бараат совет. Таа им вели дека треба да одат на лекар да се прегледа девојчето. На пат кон докторот тие треба да поминат на контролен пункт каде треба да објаснат дека одат на доктор на преглед.

Докторот го прегледува девојчето и им вели да го пријават случајот во полиција. Полицаецот им вели дека треба да донесат потврда од доктор. Докторот ја подготвува потврдата. Мајката ја носи потврдата во полиција. По неколку дена, мајката е загрижена бидејќи соседот се заканува на семејството. Тој слушнал дека мајката била да го пријави случајот во полиција.

1. Поканете ги сите да застанат во голем круг.
2. Поделете по една карта со улогите на учесниците и кажете им да ги дигнат картите во вис за да може да ги видат сите. Нема да има доволно карти со улоги за сите учесници.
3. Подајте го клопчето до лицето кое ќе ја игра улогата на тринаесет годишно девојче и почнете да ја читате сторијата.
4. Објаснете дека во моментот кога ќе спомнете различно лице во сторијата, клопчето треба да се предаде на друго лице:

- На пример, на почетокот на сторијата девојчето и кажува на мајката што и се случило.

Додека се чита тој ред, лицето кое ја игра улогата на ќерката го држи крајот од конецот на клопчето и го подава конецот на мајката.

- Во следниот ред од сторијата, мајката ја кажува сторијата на жената локалниот лидер. Во тој момент мајката го држи конецот но го подава клопчето на лицето кое ја игра улогата на жена на локалниот лидер.
- И така продолжувате се додека не ја дочитате сторијата.

5. До крајот на сторијата, во групата веќе треба да има исткаено пајакова мрежа помеѓу луѓето.
6. Поканете ги учесниците да ја коментираат мрежата. Искористете ги овие прашања ако ви се потребни:

   - Што се случи?
   - Зошто има така испреплетена мрежа?
   - Колку луѓе ја слушнаа сторијата за девојчето?
   - Какво влијание може да има ова врз девојчето и мајката?
   - Што можело да се направи поразлично?
   - Што можеле другите членови на заедницата да направат поразлично?
   - Што можеле да направат поразлично претставниците на Црвен крст/Црвена полумесечина?

7. Заклучете со тоа што ќе истакнете дека постојат сериозни и по живот опасни последици во однос на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство и лицата кои го поддржуваат како резултат на несоодветно споделување на информации.

## 12.2 Процес на упатување на лица за добивање стручна поддршка (30 минути)

*(работа во мали групи и пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се утврдат модалитетите на упатување до службите за поддршка.

**Материјали:** Табак хартија и маркери.

**PowerPoint:** Слајдови 16-17.

**Намена:** При подготовката на оваа сесија, многу е важно да се откријат процедурите за упатување на лица во рамките организацијата/заедницата каде работат учесниците, ако тоа е можно. Посебно разгледајте ги одговорностите на

вработените и волонтерите. Многу е веројатно дека ќе има различни процедури за вработените и волонтерите. Исто така обидете се обезбедите пристап до информации за службите за поддршка кои се достапни во регионот.

Откријте дали услугите се совпаѓаат со стандардите кои се промовираат низ обуката. Тие треба да бидат фокусирани на добросостојбата на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство и во секое време треба да се запазат принципите на безбедност, доверливост, почитување и недискриминација во работата (на пример многу машки и женски лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство претпочитуваат да бидат прегледани од и интервјуирани од жена.

Може да биде од помош информацијата во однос на тоа каде е лоциран женскиот персонал.) Ако е можно, видете дали е добро да поканите претставници на надворешни агенции од локалната средина. Изберете агенции кои ги почитуваат стандардите за квалитет и етика. Агенциите потоа може да објаснат како постапуваат во однос на упатување на лица и на кој начин организациите може да ги упатуваат лицата до нив.

1. Поделете ги учесниците во групи од по тројца или четворица луѓе. Дајте им табак хартија и маркери.
2. Дајте им на групите 15 минути време да одговорат на следниве прашања:
   - Кои процедури за упатување постојат во вашата организација? Објаснете ги чекор по чекор.
   - Какви услуги за поддршка се достапни за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство во вашиот регион?
   - Како ќе го осигурите квалитетот на услуги за поддршка кои сакате да ги користите за упатување на лица?
   - Што би направиле ако нема достапни услуги за поддршка за да се задоволат специфичните потреби на лицата кои ги поддржувате?
3. Побарајте од групите да ги нотираат информациите кои ги споделуваат на табак хартија.
4. Дискутирајте ги наодите на групите во пленарна дискусија. Побарајте секоја од групите да го залепи својот табак хартија на ѕидот. Навратете се на процедурите и списокот со служби за поддршка. Ова е можност да споделите информации кои можеби ги имаат учесниците во однос на локалната средина од каде доаѓаат. Овие информации може да бидат од помош во работата на останатите учесници.
5. Искористете ги информациите подоле за да ја заокружите сесијата.

**Информација за фасилитатори во однос на упатување на лица**

1. Многу е важно да се знае **кога да се упати некој до одредена група/служба**. Помагателите треба да бидат свесни во однос на нивните ограничувања, како и за нивните сопствени претпоставки и лични ограничувања. Помагателите исто така треба да знаат што треба да направат во однос на процедурите кои треба да ги следат како волонтери или вработени лица на организацијата.

**2.** Исто така е важно **зошто треба да се упати лицето** до специјализирана поддршка. Ова може да биде од причина со цел да се обезбеди процена/мислење од специјализирана служба, како на пример медицинска служба, со цел да се процени повредата или да се провери присуство на сексуално преносливи болести, или пак правни служби.

Понекогаш лицата треба да се упатат до специјализирана поддршка кога постои загриженост за нивната добросостојба во однос на:

- Значителна промена во однесувањето – кога самите поединци или лицата околу нив ќе препознаат ваква промена
- Споменување на самоубиство
- Постојани физички симптоми
- Зависност од алкохол или дрога
- Однесување кое го доведува лицето или други лица во ризик
- Постојана депресија или друго ментално нарушување
- Неможност да се контролираат силни емоции
- Проблеми како резултат на злоупотреба или криминална активност
- Тешки проблеми со спиењето.

**3.** Исто така, многу е важно **како да се упати лицето за поддршка**:

- Запазете ги четирите принципи на кои се заснова принципот на заштита на добросостојбата на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство. Доверливоста и безбедноста на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство треба да бидат врвен приоритет. Избегнувајте домашни посети за да го намалите ризикот некој да го идентификува лицето кои е погодено од сексуално и родово базирано насилство.
- Информирајте го лицето што планирате да направите и побарајте информирано одобрение.
- Ако е можно, обезбедете различни опции. Многу е важно да имате список на локални организации, агенции и мрежи. Исто така е важно да знаете дали е достапен женски персонал.
- Следете ги процедурите утврдени од организацијата за која работите и можностите на службите до кои ги упатувате луѓето.

Процедурите обично подразбираат консултација и одобрение од линиски менаџер или супервизор во организацијата.

**4. Кој може да помогне ако не може лицето да се упати до соодветна служба/група за поддршка?**

- Проверете со колегите и мрежите во регионот да видите дали постојат други опции.
- Проверете каков вид на поддршка е достапен во заедницата.

**Дополнителна информација**: Објаснете дека, покрај упатувањето до служби/групи за поддршка, помагателите може понекогаш самите да обезбедат практична поддршка на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Кога некој поминува низ кризна состојба или е во шок, добро е ако некој може да понуди практична помош. Еве неколку примери за ваква поддршка:

- Контактирање на одредено лице кое може биде заедно со лицето погодено од сексуално и родово базирано насилство;
- Организирање децата некој да ги земе од училиште;
- Обезбедување на топла облека, храна и пијалаци за лицето ако за тоа има потреба
- Обезбедување на транспорт до дома за лицето
- Транспорт до болница или обезбедување на друг вид на поддршка зависно од потребите.

Запомнете, во исто време, да се почитува желбата на лицето и да не се презема премногу одговорност. Поддржете ги да ја повратат контролата на нивната ситуација, со цел да видат какви опции имаат за да може да донесат сопствени одлуки. Тоа ќе ги зајакне и ќе им овозможи да започнат да ги задоволуваат своите потреби.

## 12.3 Постапување при пријавување/откривање на случај (5 минути)

*(кратки инструкции на фасилитаторот)*

**Цел:** Да се информираат луѓето за постапка во случај на пријавување на случајот.

**Материјали:** Не треба.

**PowerPoint:** Слајд 18.

**Намена:** Нудењето на поддршка во ситуации на пријавување на случај на насилство може да биде голем предизвик за помагателите. Затоа е потребно да се следат едноставни чекори кои ќе обезбедат поткрепа за помагателите.

1. Презентирајте ги чекорите за ситуации на пријавување на случај (користете ги информациите прикажани подоле). Поврзете ги чекорите со информациите од претходните сесии.
2. Прашајте ги дали имаат некои прашања. Одговорете на прашањата.

**Информации за фасилитатори во однос на чекори кои треба да се преземат**

Потребни чекори при пријавување на случај:

1. Потврдете дека постои ситуација и внимателно слушајте.
2. Осигурете ја безбедноста на лицето преживеало сексуално и родово базирано насилство.
3. Упатете го лицето до одговорна служба доколку постои информирано одобрение.

Пријавувањето на случај е обврзно во случај на злоупотреба на деца. Затоа е многу важно да се фаќаат забелешки и да се документира што вели детето и што кажувате вие. Пријавете го веднаш инцидентот преку соодветните канали.

## 12.4 Бариери и предизвици (5 минути)

*(пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се укаже на потенцијалните бариери во ситуации кога се открива настанот и во однос на предизвиците за помагателите поврзани со сексуално и родово базирано насилство.

**Материјали**: Табак хартија, маркери, копии од Прилог 5: Само-грижа и справување со стрес.

**PowerPoint:** Не треба.

**Намена:** Работата со лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство може да претставува голем предизвик за лицата кои обезбедуваат помош и поддршка. Меѓутоа овие теми не се предмет на обуката. Замолете ги учесниците да го

погледнат Прилог 5: Само-грижа и справување со стрес за да добијат дополнителни информации на оваа тема.

1. Објаснете дека оваа активност е насочена на потенцијалните предизвици во работата поврзани со сексуално и родово базирано насилство.
2. Наместете два листа на табак хартија. На едниот напишете ‘бариери за луѓе погодени од сексуално и родово базирано насилство’ а на другиот напишете ‘предизвици за помагателите кои работат со лица погодени од сексуално и родово базирано насилство’.
3. Побарајте од учесниците да се произјаснат во однос на потенцијалните бариери за луѓето погодени од сексуално и родово базирано насилство во однос на пријавување на инциденти на насилство. Да се набројат одговорите на табак хартија.
4. Потоа прашајте со предизвици сметаат дека се соочени помагателите  на лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство и во однос на нивното постапување со пријавување на случаи. Да се набројат одговорите на табак хартија.
5. Прашајте ги учесниците дали имаат одредени идеи како да се надминат бариерите и предизвиците кои се идентификувани од нивна страна.

**Информации за фасилитаторите в однос на бариери и предизвици:**

**Потенцијални бариери во однос на пријавување на инцидент на насилство:**

- Страв од социјална исклученост и стигматизација
- Културните норми во опкружувањето
- Срам
- Недостаток на знаење за личните права
- Недостаток на знаење за достапни услуги или намален пристап до услуги
- Недостаток на услуги.

**Потенцијални предизвици во работата со лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство:**

- Недостаток на  знаење што да се направи
- Страв да не се нанесе штета
- Срам да се зборува за сексуални прашања
- Преоптовареност со случајот
- Недостаток на надзор

- Не постоење на знаења за процедури и законска рамка за сексуално и родово базирано насилство
- Недостаток на специјализирани служби за упатување на луѓето погодени од сексуално и родово базирано насилство.

**Надминување на предизвици преку:**

- Подигање на свест на луѓето во однос на достапните услуги/служби;
- Осигурување на безбедност и запазување на доверливост;
- Инкорпорирање на сексуалното и родово базирано насилство во општите услуги наместо посебно дизајнирање на услуги;
- Надградба на капацитети на полето на обезбедување на основни вештини за помош и утврдување на процедури за упатување на помош на лицата за обезбедување на неопходна поддршка;
- Постоење на јасни политики и процедури.

Потсетете ги учесниците за улогата и влијанието на луѓето за постапување при пријавување на случаи на сексуално и родово базирано насилство:

Лицата кои се случајно присутни на настанот имаат значајна улога во однос на ефективното пријавување на настанот. На пример, ако луѓето кои знаат или се сомневаат дека се случува сексуално и родово базирано насилство а не пријавуваат за тоа, или пак го игнорираат проблемот или не го сфаќаат сериозно, постои реален ризик сексуалното и родово базирано насилство да продолжи. Меѓутоа, ако овие лица преземат акција да му помогнат на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство да дојде до помош, во тој случај тој/таа ќе се чувствува дека има поддршка, и пристап до службите за поддршка.

**Пауза за кафе/чај** **Слајд 19**

## Сесија 13: ИАСЦ интервенциска пирамида (30 минути)

Целта на оваа сесија е учесниците да зборуваат за конкретни психо-социјални активности за лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.

### 13.1 ИАСЦ интервенциска пирамида (5 минути)

*(мали групи, пленарна дискусија)*

**Цел:** Да се разговара за активности кои кореспондираат на четирите нивоа на ИАСЦ интервенциска пирамида.

**Материјали:** Табак хартија, пенкала, маркери.

**PowerPoint**: Слајдови 20-23

1. Потсетете ги учесниците на ИАСЦ интервенциската пирамида која беше презентирана на почетокот на денот. Накратко повторете ги четирите нивоа.
2. Поделете ги учесниците во мали групи и на секоја група дајте и табак хартија и маркери.
3. Дајте им на групите 10 минути да размислат кои психо-социјални активности може да бидат релевантни за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство кои одговараат на четирите нивоа на одговор согласно со интервенциската пирамида. Побарајте од учесниците во групите да ги напишат своите идеи на табак хартија.
4. Дискутирајте ги идеите кои ќе произлезат од групната дискусија на пленарна сесија. Погрижете се предлозите да ги опфатат активностите на сите нивоа на пирамидата (видете ги предлозите подоле).

**Информации за фасилитаторите за активностите кои треба да се спроведат на секое ниво на ИАСЦ пирамидата**

**Основни услуги и безбедност:**

- Обезбедување заштита и безбедност за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство, како што се на пример безбедни засолништа.

- Да се осигури хуманитарната помош да биде насочена кон лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.
- Да се осигури хуманитарната помош да не резултира со зголемување на ризик од сексуално и родово базирано насилство, пример. Недостаток на светло во кампот, тоалетите да не бидат лоцирани на изолирани локации, и др.

**Мерки за поддршка на семејството и заедницата:**

- Организирање на активности за подигање на свеста во заедницата и спроведување на едукативни активности во заедницата со цел да се придонесе за намалување на стигмата која е придружен дел на родовото базирано насилство и промовирање на прифаќање на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство во заедницата.
- Само-поддршка во заедницата и промовирање на стратегии за зајакнување, како што е на пример спроведување на активности со машки и женски организации и групации.
- Унапредување на традиционални мерки за закрепнување на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.
- Промовирање на правосуден систем кој ќе ги поддржува лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство.
- Иницијативи за економско зајакнување.
- Едукативни и егзистенцијални активности.

**Фокусирана не-специјализирана поддршка:**

- Соодветна пост-инцидентна здравствена грижа, вклучително и психолошка прва помош и основна ментална здравствена грижа.
- Упатување до здравствени служби.
- Менаџирање на случаи за обезбедување на индивидуализирани услуги и помош.
- Егзистенцијални и други социјални или економски и реинтеграциски интервенции.
- Културно соодветна советодавна поддршка.

**Специјализирани услуги:**

- Помошта тука може да биде во форма на специјализирани услуги како што се психолошка и психијатриска поддршка и лекување за погодените лица.

## Сесија 14: Евалуација и затворање (30 минути)

Оваа сесија започнува со повторување на вежбата за лични претпоставки која беше направена на почетокот на обуката. Учесниците стекнаа многу знаење за овие два дена а тоа може да доведе до промена на мислења и ставови кои ги имале учесниците пред почетокот на обуката.

### 14.1 Лични претпоставки (5 минути)

(кратки инструкции на фасилитаторот)

**Цел:** Да се подигне свеста за потенцијални промени во однос на лични претпоставки за секс, сексуалност, улога на половите, сексуалното насилство и личните ограничувања.

**Материјали:** Список на прашања како што е прикажано подоле (достапни на PowerPoint презентација или напишани на табак хартија), хартија и пенкала

**PowerPoint**: Слајд 25

1. Објаснете дека сега ќе ја повторите вежбата од почетокот на обуката. Ќе поставите прашања за лични претпоставки. Истакнете дека одговорите не мора да бидат исти со оние дадени на почетокот на обуката.
2. Покажете ги прашањата на PowerPoint или на табак хартија. Прочитајте ги на глас прашањата и дајте им време на учесниците на мира да размислат. Исто така побарајте од нив да размислат дали нешто се сменило кај нив споредено со почетокот на обуката.

- Кои се вашите размислувања кога размислувате за сексуално и родово базирано насилство?

  (Опишете ги вашите физички и емотивни реакции)
- Дали мислите дека сексуалното и родово базирано насилство може да му се случи на секому?
- Дали мислите дека лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство се одговорни заради тоа што биле сексуално злоупотребени?
- Дали би се чувствувале слободно да зборувате за сексуално и родово базирано насилство со корисниците?
- На кои теми би ви било тешко да разговарате?

## 14.2 Евалуација (10 минути)

*(Работа во голема група или поединечна активност)*

**Цел:** Да се евалуира целата работилница

**Материјали:** Копии од Анекс 4, Евалуациски прашалник, пенкала (ако правите пишана евалуација)

**PowerPoint**: Не треба

**Намена:** Евалуацијата се прави во форма на пишана евалуација, со користење на евалуациски прашалник (Анекс 4)

1. Поканете ги учесниците да направат евалуација на обуката.
2. Објаснете го значењето на евалуацијата:
   - На учесниците им се дава можност да се навратат на она што го научиле.
   - Се обезбедуваат повратни информации до фасилитаторот за квалитетот и релевантноста на обуката за учесниците кои учествувале на работилницата.
   - Се обезбедуваат идеи за идни работилници и подобрување.
3. Побарајте од учесниците да го пополнат евалуацискиот прашалник.

## 14.3 Заокружување на работилницата и испраќање на учесниците (10 минути)

(активност во голема група)

**Цел:** Да им се даде време на учесниците и фасилитаторите да се поздрават еден со друг

**Материјали:** Сертификати за учество (ако планирате да доделувате)

**PowerPoint**: Слајд 25

1. Објаснете дека ова е крај на обуката. Прашајте дали учесниците имаат било какви прашања или забелешки за крај.
2. Побарајте од учесниците да застанат во круг. Поканете го секој учесник да влезе во кругот и да каже една работа која ќе ја понесе со себе од обуката.
1. Ако планирате да доделувате сертификати за учество, сега е време тоа да го направите.
2. Заблагодарете се на сите за активното учество. Одвојте доволно време учесниците да се поздрават меѓусебно.

# АНЕКС 1: РЕСУРСИ

| Документи | | |
|---|---|---|
| Канадски Црвен крст и Меѓународна Федерација | 2011 | Десет чекори за креирање безбедни средини |
| Група за Меѓународна Заштита | 2010 | Грижа за лица кои преживеале сексуално насилство при итни состојби – Прирачник за Обука |
| Група за Меѓународна Заштита | 2010 | Прирачник за координирање на родово базирано насилство во хуманитарно опкружување |
| ИАСЦ | 2005 | Прирачник за координирање на родово базирано насилство во хуманитарно опкружување |
| ИАСЦ – Подгрупа за Родова и Хуманитарна Акција | 2008 | Алатка за Родово базирано насилство: Воспоставување стандардни оперативни процедури за родово базирано насилство (СОП) |
| Медика Мондиале | 2013 | Прирачник за обука за зајакнување на жените |
| Оксфам | 1994 | Прирачник за Родова Обука на Оксфам |
| Конзорциум за Репродуктивен Здравствен Одговор при Конфликти | 2003 | Алатка за Родово базирано насилство. За процена и дизајнирање на програми, мониторинг и евалуација во опкружувања погодени од конфликти |
| Подгрупи од Јордан за Сириски Регионален Одговор на Бегалски Бран, Детска Заштита и Родово базирано насилство. | 2014 | Меѓу-агенциски Стандардни Оперативни Процедури за превенција и одговор на родово базирано насилство и детска заштита во Јордан |
| Висок Комесаријат за Бегалци | 2003 | Родово базирано насилство врз бегалци, повратници и внатрешно-раселени лица – Упатство за Превенција и Одговор |
| Светска Здравствена Организација | 2007 | Етички и Безбедносни Препораки за Истражување, Документирање и Мониторинг на Сексуално насилство при Итни Состојби |
| Светска Здравствена | 2010 | Превенција на интимно и |

| | | |
|---|---|---|
| Организација | | сексуално насилство врз жени – Преземање иницијатива и собирање докази |
| Светска Здравствена Организација | 2012 | Ментално Здравје и Психо-Социјална Поддршка за сексуално насилство поврзано со конфликти: 10 митови<br>Резиме: Ментално Здравје и Психо-Социјална Поддршка за сексуално насилство поврзано со конфликти: Принципи и Интервенции – Што треба а што не треба да се прави во при обезбедување на психо-социјална поддршка во заедниците за лица кои преживеале сексуално насилство во опкружувања погодени од конфликти. |
| Светска Здравствена Организација, УНФПА, УНИЦЕФ | 2011 | Одговор на психо-социјални и Ментално-здравствени потреби на лица кои преживеале сексуално насилство во конфликтни опкружувања |

## КОРИСНИ ЛИНКОВИ

| | |
|---|---|
| Алатка за е-учење: Менаџирање на програми за родово базирано насилство при итни состојби | www.unfpa.org |
| Одговорности за Родово базирано насилство | www.gbvaor.net |
| Информативен Менаџмент Систем за Родово базирано насилство | www.gbvims.org |
| Мрежа за Одговор на Родово базирано насилство | www.gbvresponders.org |
| ИАСЦ – Подгрупа за Родова и Хуманитарна Акција | www.humanitarianinfo.org |
| Менаџирање на Програми за Родово базирано насилство при итни состојби – алатка за е-учење | www.unfpa.org |
| Иницијатива за Истражување Сексуално Насилство | www.svri.org |
| Работна Група за Заштита од Сексуална Експлоатација и Злоупотреба од свои вработени | www.pseataskforce.org |

# АНЕКС 2: ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1: ПРОГРАМА ЗА ОБУКА

| ПРОГРАМА ЗА ОБУКА | | |
|---|---|---|
| **Време** | **Минути за сесија** | **Содржина** |
| **Ден 1** | | |
| 09:00 - 09:45 | 45 | Сесија 1: Добредојде и вовед |
| 09:45 - 10:30 | 45 | Сесија 2: Основни идеи и дефиниции |
| 10:30 - 10:45 | 15 | Кафе / Чај пауза |
| 10:45 - 13:00 | 135 | Сесија 3: различни форми на сексуално и родово базирано насилство |
| 13:00 - 14:00 | 60 | Ручек |
| 14:00 - 15:00 | 60 | Сесија 4: Психо-социјално влијание на сексуално и родово базирано насилство |
| 15:00 - 15:15 | 15 | Кафе/Чај пауза |
| 15:15 - 16:00 | 45 | Сесија 5: Психо-социјални потреби на лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство |
| 16:00 - 16:30 | 30 | Сесија 6: Заокружување на денот |
| **Ден 2** | | |
| 09:00 - 09:45 | 45 | Сесија 7: Добредојде и резиме на претходниот ден |
| 09:45 - 10:30 | 45 | Сесија 8: Пристап базиран на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство |
| 10:30 - 10:45 | 15 | Кафе / Чај пауза |
| 10:45 - 11:30 | 45 | Сесија 9: |
| 11:30 - 13:00 | 90 | Сесија 10: Комуникациски вештини за поддршка |
| 13:00 - 14:00 | 60 | Ручек |
| 14:00 - 14:30 | 30 | Сесија 11: Невербална комуникација |
| 14:30 - 15:40 | 70 | Сесија 12: Препраќање |
| 15:40 - 16:00 | 20 | Кафе / Чај пауза |
| 16:00 - 16:30 | 30 | Сесија 13: ИАСЦ интервенциска пирамида |
| 16.30 - 17.00 | 30 | Сесија 14: Евалуација и затворање на работилницата |

## ПРИЛОГ 2: СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

### Студија на случај 1: Природна катастрофа и принудно раселување

Аниах (23 години) живее во бегалски камп заедно со нејзините две мали деца. Таа мораше да го напушти родниот град како резултат на тајфунот кој го погоди градот и на тој начин таа се раздвои од сопругот. Таа пристигна во кампот пред две недели и нема информации за сопругот. Во кампот нема доволно место за сите и нема доволно храна. Еден маж во кампот постојано и вели на Аниах дека тој може да и помогне на неа и децата да останат, ако спие со него. Аниах е многу уплашена од овој човек, но таа исто така не знае како да ги прехрани нејзините деца. Кога ќерката и се разболе, таа реши да побара помош од човекот. Таа е очајна и плаче многу, но барем нејзините деца имаат храна а таа има лекови за ќерката на која и се потребни.
.

**Прашања:**

- Кои форми на сексуално и родово базирано насилство се појавуваат како резултат на природни катастрофи и принудно раселување?
- Кои ризик фактори за сексуално и родово базирано насилство се присутни за време на природни катастрофи и принудно раселување?

### Студија на случај 2: Конфликтна ситуација

Хавиер (22 години) учеше економија и живееше заедно со неговите родители и сестра во мало гратче. Потоа започна војната во неговата земја. Еден ден група на вооружени војници влезе во нивниот дом и му го уби семејството. Тој накратко се скри, но кога се обиде да избега во дворот, војниците го фатија. Тие го држеа заложник заедно со други луѓе во период од три недели. Во тој период тој беше силуван неколку пати. По три недели го пуштија да си оди, но тој беше страшно истрауматизиран и многу тешко повреден.

**Прашања:**

- Што знаете за сексуално и родово базирано насилство во земји погодени од конфликти?
- Што знаете за сексуално и родово базирано насилство врз мажи?

## Студија на случај 3: Домашно насилство

Китана живее заедно со нејзиниот сопруг Исак и нивните три деца. Тие се зедоа пред пет години и на почетокот се беше во ред. Китана работи во дворот и го продава зеленчук што го одгледува на блискиот пазар. Нејзиниот маж работи во болница. Но во текот на минатата година работите се сменија. Иска често ја обвинува Китана дека е мрзлива и глупава жена.

Тој вели дека било грешка што ја венчал и дека многу жали поради тоа. Тој и ги зема парите која Китана ги заработува и таа нема доволно пари за храна за семејството. Навечер Китана е многу уморна, но мажот ја присилува на сексуални односи со него. Понекогаш кога тој е лошо расположен, тој дури и ја тепа. Китана е многу тажна и и е непријатно заради ситуацијата, но не знае што да прави.

**Прашања:**

- Кои се ризик факторите за домашно насилство?
- Во многу случаи, луѓето погодени од домашно насилство останувaат да живеат во истата средина. Што мислите, кои се причините заради кои и понатаму остануваат да живеат во таква средина?

## Студија на случај 4: Злоупотреба на деца

Дуња има шест години и живее заедно со трите сестри и нејзините родители. Понекогаш кога двајцата родители се на работа, нејзиниот тетин ја чува Дуња и нејзините сестри. Од неодамна Дуња не може мирно да спие. Тетин и и рече да спие во неговата соба. Навечер тој ја допира непримерно и ја тера и таа да го допира него. Дуња не знаеше што се случува. Утрото тетин и и рече на Дуња да не кажува никому што се случи ноќта.

**Прашања:**

- Што го зголемува ризикот од сексуално и родово базирано насилство врз децата?
- Заради кои причини децата не пријавуваат инциденти на сексуално и родово базирано насилство?

## ПРИЛОГ 3: ПРИСТАП БАЗИРАН НА ЛИЦЕТО КОЕ ПРЕЖИВЕАЛО СЕКСУАЛНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО, ПРИ РАБОТА СО ЛИЦА ПОГОДЕНИ ОД СЕКСУАЛНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

**Безбедност**

Безбедноста на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство и неговото семејство треба да се осигури во секое време.. Безбедноста на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство треба да биде приоритет број еден. Лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство се изложени на голем ризик од последователен и траен ризик од насилство (пример. Домашно насилство), убиство или самоубиство, како и социјална дискриминација и изолација. Помагателите треба да направат процена на безбедносните ризици и да ги минимализираат ризиците по лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство и нивните најблиски членови ан семејството.

**Доверливост**

Доверливоста е најважна во однос на сите видови на поддршка за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Заканата од стигматизација, социјална изолација и казна е многу реално дека може да се случи кога станува збор за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Зачувување на доверливоста значи дека информациите за лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство не треба да се споделуваат со други луѓе без да се добие информирано одобрение од страна на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Постојат одредени исклучоци на ова правило кои се во интерес за зачувување на целокупната безбедност на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство и/или неговото најблиско семејство (видете подоле).

Ако информациите треба да се споделат со друга организација, секогаш обезбедете писмено одобрение од лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство или од родителот/старателот на детето. Информираното одобрение значи дека лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство е информирано со кого и заради која причина ќе се споделат информациите. Не е етички да се споделуваат лични информации за лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство или за неговата ситуација (пример. давање име или други идентификациски податоци) на друго лице – дома или на работа.

Избегнувајте да ги идентификувате лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство во текот на обезбедувањето на услугите. Овие лица може да ги доведете во ризик ако се идентификуваат во заедницата доколку посетуваат одредени специјализирани програми. Овој ризик може

да се минимализира доколку се покријат специјалните потреби на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство во рамките на пошироките психо-социјални програми.

### Исклучоци во однос на запазување на доверливоста

- Кога постои ризик лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство да се повреди себе си!
- Кога постои ризик лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство да повреди други лица!
- Кога дете е во опасност!
- Кога законите или правилата наложуваат обврзно пријавување на случајот (како на пример во случај на сексуална експлоатација и злоупотреба на хуманитарен работник!

### Почитување

Желбите, правата и достоинството на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство мора да се почитуваат. Пристапот е фокусиран на добросостојбата на лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство, каде помагателите нудат помош, го поткрепуваат опоравувањето и обезбедуваат ресурси за решавање на проблемите но никогаш не носат одлуки за во име на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство. Ова може да биде посебно тешко ако ова лице реши да остане во насилната средина или локација. Недостатокот на почитување од страна на помагателите може да го зголеми чувството на беспомошност и срам кај лицето кое преживеало сексуално и родово базирано насилство. Тоа исто така може да ги спречи лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство повторно да стекнат контрола врз сопствениот живот. Тоа може да ја намали целокупната ефективност на интервенцијата, и може дури и да предизвика дополнителна болка и штета.

### Недискриминација

Сите луѓе имаат право на обезбедување на најдобра можна помош без нечесна дискриминација врз основ на пол, возраст, хендикеп, раса, боја на кожата, јазик, вера или политичко убедување, сексуална ориентација, статус или социјална класа.

## ПРИЛОГ 4: ЦРТЕЖИ





# ПРИЛОГ 5: САМО-ГРИЖА И СПРАВУВАЊЕ СО СТРЕС

**Извори на стрес кои влијаат на помагателите**

Работата со луѓе погодени од сексуално и родово базирано насилство може да биде многу исполнителна, но исто така да бара и многу посветеност и откажување од луѓето.

Извори на стрес може да бидат следниве:

- Слушање стории за насилство
- Справување со чувствителноста на темата (пример. табу и стигма)
- Работа со ногу вознемирени луѓе (лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство може да бидат налутени, фрустрирани, бесни, вознемирени)
- Работата со луѓе кои може да претставуваат ризик по нив
- Имање на идеалистички очекувања во однос на тоа што може да направат помагателите
- Чувство дека помагателите мора да ги решат сите проблеми на лицето на кое му помагаат
- Чувство на вина за посветување внимание на сопствените потреби за одмор или поддршка.

**Знаци на стрес**

Најчести знаци на стрес може да бидат:

- Емотивна исцрпеност
- Намалување на енергија и чувство на постојан  умор
- Губење на ентузијазам и мотивација
- Намалена работна ефикасност
- Песимизам и цинизам
- Губење на чувство на лично остварување во својата работа
- Алкохол или зависност од дрога
- Промени во ставови или однесување (пример. ризично однесување, избувлив темперамент, повлекување од колегите и саканите).

**Само-грижа**

Грижата за себе е многу важна кога се работи со луѓе погодени од сексуално и родово базирано насилство. Само-грижата се однесува на начинот на чување на телесното и душевното здравје на работа и во домот.

Стратегии кои може да помогнат на овој план се следниве:

- Одвојување доволно време за одмор (редовно и доволно спиење)
- Утврдување граници и правење паузи од работата
- Ограничување на бројот на часови поминати на тешки задачи
- Разговор со колегите за сопствените чувства и потешкотии во обезбедување помош (бидете внимателни да се запази доверливоста)
- Барање поддршка од програмскиот менаџер/супервизор
- Поминување време со пријатели
- Одвојување време за мир и релаксација (пример. вежби за релаксација, верски обреди)
- Редовно јадење и пиење
- Редовни физички вежби.

# АНЕКС 3: ПРАШАЛНИК ЗА ПОТРЕБИ ЗА ОБУКА

**Прашалник за утврдување потреби поврзани со психо-социјална поддршка за луѓе погодени од сексуално и родово базирано насилство**

1. Дали претходно сте учествувале во било каков вид на обука за сексуално и родово базирано насилство?
ДА__ НЕ__
Ако ДА, набројте ги обуките:
______________________________________________________________
______________________________________________________________

2. Оценете го вашето знаење во однос на полово базирани прашања (означете еден од четирите одговори наброени подоле):
__ многу мало знаење
__ основно знаење, со мало теренско искуство
__ добро знаење, со одредена техничка обука
__ големо знаење и теренско искуство.

3. Оценете го вашето знаење за сексуално и родово базирано насилство:
__ мало знаење
__ основно знаење, со мало теренско искуство
__ добро знаење, со одредена техничка обука
__ големо знаење и теренско искуство.

4. Оценете го вашето знаење за психо-социјална поддршка:
__ мало знаење
__ основно знаење, со мало теренско искуство
__ добро знаење, со одредена техничка обука
__ големо знаење и теренско искуство.

5. Оценете го вашето знаење за психо-социјална поддршка во однос на сексуално и родово базирано насилство:
__ мало знаење
__ основно знаење, со мало теренско искуство
__ добро знаење, со одредена техничка обука
__ големо знаење и теренско искуство.

6. Кои се вашите очекувања од работилницата?
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

7. Објаснете во која област обуката ќе биде релевантна за вашата работа:
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

8. Ве молиме да дополните било каква информација која сметате дека е релевантна:
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

# АНЕКС 4: ЕВАЛУАЦИСКИ ПРАШАЛНИК

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ОБУКАТА

**Сексуално и родово базирано насилство – Дводневна психо-социјална Обука**

Ве молиме да ги оцените прашањата прикажани подоле на скала од 1 до 5 каде 1 значи воопшто не а 5 значи најмногу.

| Прашалник страна 1 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сесии** | | воопшто не | | | | многу |
| **Ден 1** | | | | | | |
| Сесија 1: Добредојде и вовед | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |
| Сесија 2: Основни идеи и дефиниции | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |
| Сесија 3: Различни форми на сексуално и родово базирано насилство | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |
| Сесија 4: Психо-социјално влијание на сексуално и родово базирано насилство | Дали содржината беше јасна? | | | | | |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |

## Прашалник страна 2

| **Сесии** | | воопшто не | | | | многу |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ден 1** | | | | | | |
| Сесија 5: Психо-социјални потреби на лица кои преживеале сексуално и родово базирано насилство | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |
| Сесија 6: Заокружување на денот | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |
| **Ден 2** | | | | | | |
| Сесија 7: Добредојде и резиме на претходниот ден | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |
| Сесија 8 и 9: Пристап базиран на лицата кои преживеале сексуално и родово базирано насилство | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |
| Сесија 10: Комуникациски вештини за поддршка | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |

| Прашалник страна 3 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сесии** | | воопшто не | | | | многу |
| **Ден 2** | | | | | | |
| Сесија 11: Невербална комуникација | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |
| Сесија 12: Препраќање | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |
| ИАСЦ интервенциска пирамида | Дали содржината беше јасна? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Дали активностите беа релевантни? | | | | | |
| | Дали овој дел беше релевантен за вашата работа? | | | | | |
| | Ве молиме да додадете ваши забелешки за сесијата: | | | | | |

## Прашалник страна 4

1. Што беше посебно корисно за време на обуката?

2. Што може да се промени за да биде подобро?

3. Кои делови од обуката сметате дека треба да бидат подолги? Кои делови од обуката сметате дека треба да бидат пократки? Зошто?

4. Имаше ли нешто друго што сакавте да го научите, кое не беше опфатено со обуката?

5. Други забелешки или повратни информации

# ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

## ХУМАНОСТ

Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.

## НЕПРИСТРАСНОСТ

Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи.

## НЕУТРАЛНОСТ

Со цел да се ужива довербата на сите , Движењето не смее да зазема страни при конфликти или да учествува во контроверзни ситуации од политичка, расна, верска или идеолошка природа.

## НЕЗАВИСНОСТ

Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето.

## ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА

Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.

## ЕДИНСТВО

Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвен крст или Црвена полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.

## УНИВЕРЗАЛНОСТ

Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.